

# ИЗЛЕЗ

КОН ОСМИСЛЕН ЖИВОТ

## МОРАЛЕН ТЕРОРИЗАМ

*Каква е разликата меѓу правилното и погрешното, меѓу доброто и злото?*

## ДВАЈЦА ГОСПОДАРИ ВО ВОЈНА

*Ние тоа го гледаме, го чувствуваме и сме го искусиле не само во својот живот туку и пошироко, во настаните во светот.*

## ИМА ЛИ НЕКАКВА НАДЕЖ ЗА НАС?

*Има ли причини за надеж? Кои се тие причини и зошто да се потпреме на нив?*

ИЗМАМА : ЗАВИСТ : АЛЧНОСТ : ОМРАЗА : ОТКРИТИЕ : РЕШЕНИЈА : НАДЕЖ




# ИЗЛЕЗ

КОН ОСМИСЛЕН ЖИВОТ

## СОДРЖИНА




**11 ДВАЈЦА ГОСПОДАРИ ВО ВОЈНА**

*За какви сили станува збор? Зар не се тие производ на нашата мечта? Ако не се, од каде доаѓаат, што сакаат и како да се однесуваме кон нив?*





**31 ЗЕМИ ГИ ПАРИТЕ И БЕГАЈ**

*Додека нечесни луѓе во претпријатијата крадат пари и бегаат, неброено мноштво во светот се бори со сиромаштво, недостаток на храна и кров над глава.*





**34 МОРАЛЕН ТЕРОРИЗАМ**

*Во што се состои разликата меѓу правдата и неправдата, доброто и злото?*





**43 КОГА БЕБИЊА УМИРААТ**

*Објаснете, ако можете, зошто умираат и бебињата, а очајните родители остануваат со својата болка?*





**54 КОЈ Е ПОБЕДНИК НАД ЗЛОТО?**

*Иако луѓето добиле слободна волја и слобода на избор, решиле да прават зло; оттаму сите луѓе се престапници пред Бога.*


## други теми...


| | |
|---|---|
| КАКО ПОЧНАЛО ЗЛОТО | 4 |
| ЗОШТО СМЕ ОВДЕ? | 5 |
| БОГ И ЗЛОТО ВО СУДИР | 8 |
| АГЕНЦИЈА НА ЗЛОТО | 14 |
| ЗА ЧОВЕЧКИТЕ КОПНЕЖИ | 17 |
| ОБОЖАВАЊЕ НА РАБОТИТЕ | 18 |
| СВЕТИ КРАВИ | 21 |
| ЧОВЕКОТ ВО ЛАБОРАТОРИСКИ МАНТИЛ | 24 |
| ШТО ПО СМРТТА? | 27 |
| СРЕДЕ РАСИПАНОСТА | 30 |
| ГЛАДНИ ЗА МОЌ | 37 |
| НЕМА БОГ - НЕМА ПРАВДА! | 40 |
| ИМА ЛИ НЕКАКВА НАДЕЖ ЗА НАС? | 46 |
| КВАДРАТНИ КРУГОВИ? | 47 |
| ХРАНА ЗА ЦРВИТЕ | 50 |
| СПАСУВАЊЕ | 57 |
| ПОСЛЕДНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ | 60 |



Издава: Знаци на времето, Влае бр. 42,
Скопје, Македонија
Уредник: Мирослав Пујиќ
Превод: Весна Станковска
Јазична редакција: Мелита Томовска
Графичка изработка: little zebra studio
Насловна: www.istockphoto.com
Печати: Euro Dream, 2014.



Сите права се задржани. Умножување во каков било облик, делумно или целосно, не е дозволено без писмено одобрување од издавачот.



© www.bigstockphoto.com/nikesidoroff

# Како почнало злото

Атеистот Алекс Розенберг тврди дека животот, со сите свои страдања, болки и расипаност, во основа е бесмислен.

Какво решение нуди тој? - Земајте лекови!

„Она што на луѓето им е потребно, ако бесмислата ги оневозможи наутро да станат од креветот“, пишува тој - „е лекот Прозак“.[1]

*Атеистот Алекс Розенберг тврди дека животот, со сето свое страдање, болка и расипаност, во основа е бесмислен.*

*Какво решение нуди тој? Земајте лекови.*

Меѓутоа, за повеќето од нас земањето антидепресивни лекови не претставува задоволителен начин на соочување со животните борби.

Во тој случај, како да се справиме со борбите, проблемите и трагедиите што ни се случуваат во животот? Дали сме едноставно осудени да поднесуваме болки, страдања, разочарувања и пропаѓање, без никакво објаснување, без одговор, без надеж дека нè чека нешто подобро зад сето она со кое сега се соочуваме? Дали секого од нас го чека таква судбина?

Некои ќе речат: „Да, така е, и токму тоа мора да го прифатиме“. Други, пак, ќе речат: „Никако!“

Нашиот свет е расипан, а сите ние сме (признаваме) извалкани со таа расипаност. Сепак, кога еднаш конечно ќе сфатиме *како* почнало сето тоа да се расипува, и *каде* почнало, би можеле да сфатиме дека навистина постои излез, надеж дека ќе ѝ побегнеме на таа расипаност. Доколку разбереме како започнало сето тоа, можеби ќе можеме да дознаеме и како ќе заврши?

Продолжете да читате и отворете го својот ум за можноста реалноста на нештата да е посеопфатна, повеличествена и иднината понадежна отколку што некогаш сте замислувале!

[1] Rosenberg, Alex (26.09.2011). *The Atheist’s Guide to Reality: Enjoying Life without Illusions* (стр. 281). Norton. Kindle Edition.





© www.istockphoto.com/duncan1890

# Зошто сме овде?

*„Една жена неодамна ми рече: ‘Изгледа дека некој едноставно нè ставил тука, а никој да не знае зошто’“* - Ени Дилар.[1]

*„Никој да не знае зошто?“* Можеби, но многу луѓе сигурно *мислат* дека тие знаат зошто. Тие веруваат дека *„некој едноставно нè поставил тука“*, случајно, на чиста среќа и дека тука е крајот. Сè – од Сомбреро галаксијата до Шекспировите сонети – има свое потекло. Сè што постои се состои само од атоми и од субатомски честички кои го сочинуваат атомот. Во тој поглед, единствена разлика меѓу вљубувањето и работата на цревата прават молекулите кои учествуваат во овие процеси.

Ако е тоа вистина, тогаш ова гледиште подразбира дека не постои смисла, не постојат намери ниту цел, како за нас така и за вселената во која сме заглавени на „третиот камен од Сонцето“. Во тој случај, многу поголема промисленост е вложена во нечија тетоважа на раката во вид на бодликава жица, отколку во создавањето на целокупниот свет на Земјата. Во својата книга *Првите три минути*, добитникот на Нобеловата награда, научникот Стивен Виндберг, ја напишал често цитираната славна (но срамна) реченица: „Колку поразбирлива ни изгледа вселената едновремено се чини и побесмислена“.[2]

Меѓутоа, наспроти ваквиот став стои посеопфатно гледиште, со поширока и поголема перспектива од тоа дека сè што постои настанало случајно. Според овој поглед, Бог создал сè. Ние постоиме и тука сме, не случајно, туку со намера, а некои од тие намери можат да се видат и во самите созданија, што зборува во прилог на тоа дека постои Создател. И самата Библија го тврди тоа: „Небесата ја раскажуваат Божјата слава, небесниот свод го навестува делото на Неговите раце“ (Псалм 19,1).

Во текот на изминатите стотина години, науката (иако ненамерно) го поддржала ова гледиште. Со векови луѓето мислеле дека нашата вселена постои отсекогаш, дека е вечна. Затоа не било ни потребно да се шпекулира од каде таа тука, како е создадена, затоа што *секогаш* била тука. Немала свој почеток и не е создадена.

Меѓутоа, силните научни докази од минатиот век покажале дека вселената навистина е создадена, дека таа некогаш воопшто и не постоела. Според теоријата за „Големата експлозија“, вселената (времето, просторот, материјата и енергијата) настанала пред околу 13 милијарди години. Ова гледиште имало зачудувачки последици

во врска со постоењето на Бог. Учењето за Големата експлозија, всушност, помогнало „најозлогласениот атеист во светот“, Ентони Флу, да стане теист, бидејќи сфатил дека создадената вселена мора да има и свој Создател, а кој друг би можел да биде ако не лично Бог? Кога теоријата за Големата експлозија за првпат била обелоденета, ја вознемирила советската интелигенција, која знаела дека создадената вселена подразбира постоење на Создател, а тој концепт бил спротивен на атеистичкиот марксизам.

Меѓутоа, оваа идеја дека вселената има свој почеток, води до очигледното прашање: *кој* или *што* ја започнало? Се подразбира дека само нешто што е поголемо од творбата може да ја направи творбата. (Конечно, зар Леонардо Да Винчи не е поголем од *Мона Лиза*?). Според тоа, што и да ја предизвикало големата експлозија, тоа морало да биде доста моќно за да може да ги придвижи сите сили кои водат кон настанок на живот на земјата, а да не го спомнуваме постоењето на илјадниците галаксии. И кој или што би можело тоа да биде, ако не Бог, зашто кој или што е поголемо од самата вселена?

Постои уште едно логично објаснување - вселената ја создало „ништо“.

*Ништо?*

Да, и мнозина денес даваат таков одговор на прашањето како е создадена вселената.

„Се чини невозможно од ништо да се добие нешто“, напишал авторот Бил Брисон, „но фактот дека тука некогаш немало ништо а сега постои вселената, претставува очигледен доказ дека тоа е возможно“.[3]

„Разбирливо“, напишал физичарот Алан Гат, „сè може да настане од ништо. А ’сè’ може да вклучува многу повеќе од она што ние можеме да го видиме... Чесно е да се каже дека вселената може да настане од ништо“.[4]

„Бидејќи постои таков закон како што е законот за гравитација“, напишал веројатно најпознатиот жив научник Стивен Хокинг, „вселената може и ќе се создаде од ништо“.[5]

Што се случува тука? Зошто овие луѓе зборуваат дека вселената е создадена *од ништо*?

Одговорот е едноставен: „Ништо“ е единствената логична можност за атеистот,



© michelangelo. creation

**СТАТИСТИКА**

Според новото истражување на агенцијата за истражување КомРес, помладите луѓе, меѓу 18 и 34 години се посклони (31%) да веруваат дека Бог ја создал вселената отколку луѓето над 55 години (24%). Меѓу оние кои веруваат дека Бог ја создал вселената има повеќе жени (30%) отколку мажи (22%)

www.comres.co.uk/poll/668/premier-christian-radio-universe-poll.htm

**ЦИТАТИ**

Кога знам дека и самата сум Божје создание, тоа од мене бара да препознаам и да имам на ум дека и сите други се Божји созданија.
*Маја Анџелу – писателка и поетеса*

Разликата меѓу она што сте го изградиле и она што сте го создале, се состои во следното: она што сте го изградиле можете да го сакате само кога ќе го изградите; она што сте го создале сте го засакале пред да го создадете.
*Чарлс Дикенс*

бидејќи ако нешто друго ја создало вселената, а не вечниот несоздаден Бог (како што е Бог од Библијата), тогаш, што и да било тоа, морало да биде создадено од нешто што веќе постоело, а и тоа морало да биде создадено од нешто што постоело пред него, и така во недоглед, сè до бесконечното минато. Дури и кога научниците би можеле да допрат до нашето потекло на најосновно можно ниво, нешто морало да му претходи на тоа ниво за да го создаде, за да му даде закони, принципи и формули кои му овозможиле да стане вселена. А што и да ѝ претходело, потребно е постоење на нешто претходно, кое би објаснило како тоа се создало, и така натаму, сè до бесконачното минато. И на таа низа ѝ нема крај, бидејќи и на она што би го објаснило би му било потребно објаснување.

Единствен начин да се излезе од оваа стапица е едната од две можности. Првата е таа дека вечниот Бог ја создал вселената, бидејќи вечно постоечкиот Бог постоел отсекогаш, и оттаму, не е потребно објаснување од каде Тој тука. Тој *секогаш* бил тука, и точка. Друга логична можност е дека „ништо“ ја создало вселената, бидејќи „ништо“ - како спротивност на сè друго (освен вечниот Бог ) - нема потреба од објаснување. Конечно, тоа е ништо, а ништо произлегува од ништо, зар не?

Накратко, ставени сме пред два избора: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1, 1). Или „Во почетокот ништо ги создаде небото и земјата“.

Која можност ви изгледа најлогична?

Значи, додека ние се пробиваме меѓу стресовите и проблемите во животот, додека можеби повремено се прашуваме зошто сме „ставени“ тука, ве повикувам да размислите за подлабоката смисла за нашето потекло. Според едната приказна, „ништо“ е прататко на нашето постоење, а според другата, тој извор е моќен небен Татко полн со љубов. Освен што има најмногу смисла (конечно, погледнете ја другата можност), единствено одговорот дека Бог е Создател ни нуди надеж за излез од овој несреќен свет, па дури и од уште полоша иднина.

Зборувајќи за своите атеистички ставови за потеклото на луѓето и нивните логични заклучоци, познатиот британски автор, Бертранд Расел, за нашата судбина рекол дека „никаков оган, ниту хероизам, ниту моќта на мислите и чувствата, не можат да го заштитат животот на поединецот од гробот; дека и најголемата бистрина на човечката генијалност е осудена на уништување во големата смрт на Сончевиот систем, и дека целокупниот храм на човечките достигнувања мора да биде закопан под урнатините на вселената...“.[6]

Ова е едното гледиште. Другото е вакво: „Зашто, како што новата небеса и новата земја, што ќе ги создадам, ќе траат пред мене - слово е Господово - така ќе ви траат името и потомството“ (Исаија 66,22).

Сепак, ако овој Бог е добар, зошто сме едноставно „ставени“ на овој свет полн со толку многу болки, страдања и зла? Кој е тој Бог, каков е Тој навистина и каква надеж ни нуди за излез од злото и од расипаноста кои нè прогонуваат сè до гробот?

---

[1] Dillard, Annie, *An Annie Dillard Reader,* Harper Collins e-books, str. 525.

[2] Weinberg. Steven, *The First Three Minutes: A Modern View of the Origin of the Universe* (Kindle Location 1617). Kindle Edition.

[3] Bryson, Bill, *A Short History of Nearly Everything* (Broadway Books, New York) 2003, стр. 13.

[4] Цитирано во Danielson, Dennis Richard (уредник). *The Book of the Cosmos* (Perseus Publishing, Cambridge, Mass) 2000, стр. 483.

[5] Hawking, Stephen; Mlodinow, Leonard (7.9.2010). *The Grand Design* (Kindle Locations 1817-1818). Random House, Inc.. Kindle Edition.

[6] Russell, Bertrand, *‘A Free Man’s Worship’*. http://www.users.drew.edu/~jlenz/br-fmw.html

*„Се боревме две години", запишал тој, „и убивањето стана наша секојдневна активност. Кон никого не чувствував сожалување. Моето детство помина без да забележам, и ми се чини како срцето да ми е замрзнато".*

# БОГ И ЗЛОТО
## *во судир*



Тадеуш Боровски е роден во 1922 година во Полска. Откако нацистите го затвориле од политички причини, кога имал 21 година бил пратен на принудна работа во Аушвиц. Меѓутоа, крајот на оваа приказна е тажен и трагично ироничен: иако не бил во гасна комора, Тадеуш Боровски, не можејќи да се соочи со своите внатрешни демони, во 1951 г. извршил самоубиство.

Се отрул со гас.

Боровски, кој бил писател, се сеќава на еден грозоморен инцидент во кампот. Тој и другите политички затвореници играле фудбал надвор, близу до некое место каде што Евреите биле доведувани со возови, за тука да бидат убиени. Еден ден тој, како голман, забележал како превозното средство стигнало и од него излегле неколку илјади луѓе кои се собрале на платформата. Го видел тоа, се свртел и продолжил со својата игра. Само неколку минути подоцна, кога повторно погледнал таму, платформата била празна.

Со други зборови - меѓу неколку одбрани, можеби неколку дриблања и пробивања на топката меѓу играчите - илјадници луѓе биле убиени. А играчите, од кои повеќето воопшто и не обрнале внимание, само си продолжиле со својата игра!

Тоа не значи дека тие луѓе биле лоши; тие, како и сите ние, едноставно станале неосетливи за суровоста и распространетоста на злото. „Кој од нас, за време на појадокот, не слушал и не гледал мирно ТВ или не читал за разни трагедии, а заради тоа залакот воопшто да не му запре в грло? *Еј, мила, ББС вели дека пет илјади деца умреле од колера во Уганда минатата седмица. Те молам, подај ми го шеќерот"* (Clifford Goldstein, *Escape*).

„Што правевте", напишала Ени Дилар, „на 30 април 1991 година, кога во серија од бранови се удавија 138000 луѓе? Каде бевте кога за првпат ја чувте оваа запрепастувачка тажна вест? Кој ви го соопшти тоа? Каков беше редоследот на вашите чувства? На кого му кажавте за тоа? Дали плачевте? Дали ви беше тешко во последните денови или седмици?"[1]

Ве молам! Повеќето од оние кои ја слушнале оваа вест, најверојатно повеќе биле гневни што нивниот фудбалски тим изгубил во полуфиналето, отколку што се удавиле 130000 луѓе во Бангладеш.

Ишмаел Би бил дете-војник за време на граѓанската војна во своето родно место Сиера Леоне. Уште на тринаесет години бил принуден да оди во војска и да се бори против бунтовниците. Следните неколку години ова весело дете, кое требало да биде на училиште, било дрогирано и обучувано да убива, и тоа со голема умешност и вештина.

„Се боревме две години", запишал тој, „и убивањето стана наша секојдневна активност. Кон никого не чувствував сожалување. Моето детство помина без да забележам, и ми се чини како срцето да ми е замрзнато".[2]

Но, кога имал 16 години, Ишмаил бил спасен од УНИЦЕФ и доведен во центар за рехбилитација со други деца-војници, со цел да го ослободат од зависноста од дрога и да му помогнат да се интегрира во општеството. Сето ова звучело убаво, освен што тука постоел еден голем проблем: добронамерниот персонал на УНИЦЕФ, во истиот рехабилитационен центар ги сместил не само децата-војници кои биле на страна на војската туку и децата-војници од страна на бунтовниците!

„Воопшто не се сетија," пишува Ишмаил, „дека, со промена на средината, нема веднаш да станеме нормални деца; ние бевме опасни, со испрани мозоци, подготвени да убиваме".[3]

Навистина, токму во тоа окружување, некои од овие бунтовнички деца-војници, со своите бајонети ги нападнале децата-војници припадници на војската. Ишмаел ја активирал прошверцуваната рачна граната и ја фрлил на нив. *Граната*. Полицајците дотрчале да ја прекинат борбата, но децата ги кутнале на земја, го грабнале нивното оружје и почнале да пукаат едни во други.

Што друго би можеле да прават? Овие деца не знаеле за ништо друго – освен за насилство. Тоа морале да го прават; на тој начин преживувале. На тој начин светот, *нивниот свет*, функционирал.

*Лесно ги прифаќаме работите кои не би требало да ги прифатиме. Токму поради тоа што се навикнуваме на нашето окружување, дури и најсуровите работи не нѐ вознемируваат и ние можеме да станеме исклучително нечуствителни на нив.*

Секако, ние не сме како децата-војници од Сиера Леоне, но ние не сме ни многу порazлични. Сме навикнале на работите кои не би требало да ги употребуваме. Лесно ги прифаќаме работите кои не би требало да ги прифатиме. Токму поради тоа што се навикнуваме на нашето окружување, дури и најсуровите работи не нѐ вознемируваат и ние можеме да станеме исклучително нечуствителни на нив. Откако извршил егзекуција над жената на својот комунистички пријател, Сталин на нажалениот сопруг му се обратил со зборовите: „Не се грижи, Борисе, ќе ти најдеме друга".

Авторот Филип Капуто, во своите мемоари за воената служба во Виетнам, пишува за својот идеализам и за желбата да одговори на познатата фраза на Џон Ф. Кенеди: „Не прашувајте што може вашата земја да направи за вас - прашајте што вие можете да направите за вашата земја". Капуто мислел дека

може да направи нешто за својата земја служејќи во Виетнам. Тој запишал: „Во патриотскиот жар во времето на Кенеди, ние прашавме: ’Што можеме ние да направиме за нашата земја’, а земјата одговори: ’Убијте ги Виетнамците’“.[4]

Тоа насилство, тоа лудило, тој безумен колеж го зел својот данок меѓу мажите, па затоа офицерите морале да излезат со нова стратегија за да ги мотивираат војниците за борба. „Од тогаш“, пишува Капуто, „на секој маринец во групата кој ќе убиеше Виетнамец, му следуваше екстра пиво и време за да го испие. Со оглед на тоа дека нашите момци беа толку исцрпени, зневме дека ветувањето за тоа слободно време ќе биде исто така добредојден одмор, како што е и тоа дополнително пиво. И така, ние се државме до политиката на офицерите, без размислување за нејзините смртоносни последици. На такво ниво паднавме од возвишениот идеализам од пред една година. Ние имавме намера да ги убиваме луѓето за неколку лименки пиво и за паузата потребна за тоа да се испие“.[5]

Несомнено е дека злото е реалност и без оглед колку сме станале неосетливи, тоа е составен дел на човечкото постоење уште од најрани денови. Уште во првите поглавја на првата библиска книга се зборува за состојбата на човекот: „Господ виде колку е голема човековата расипаност на земјата и дека секоја мисла во неговата памет секогаш е само зло...“ (1. Мојсеева 6,5). Осврнувајќи се на минатиот век, некој би рекол дека работите не се промениле многу, зар не?

Прашањето за злото било и останува едно од најзастрашувачките предизвици за човештвото. Некои тврдат дека злото е само чиста илузија, или дека злото е само недостаток на доброто. Други тврдат дека злото е прашање на културата, дека е релативно и дека нешто што во едно општество се смета за зло во друго се смета за нормално па дури и добро - дека ние не можеме да судиме бидејќи што ни дава за право во нашата културна средина да судиме за она што го прават луѓето во друга култура?

Меѓутоа, Библијата е јасна: злото навистина постои, злото е спротивно на Божјата волја, злото ќе биде казнето и најпосле уништено. Некој навистина би можел да тврди дека, во принцип, Библијата и целокупниот план на спасение прикажан во неа, не е ништо друго туку само приказна за тоа како Бог конечно на човештвото му дава начин да побегне од злото и од сите негови трагични последици – еднаш и засекогаш.

Колку и да звучи тоа добро, сепак води до најтешкото и најзначајно прашање во врска со злото: ако Бог постои и ако Тој е толку добар, толку љубезен и толку полн со љубов, како тогаш воопшто се појавило злото? Како можеме да го усогласиме злото, и страдањата кое тоа ги донесува, со Бога претставен во Библијата - Бог кој толку многу нè сака што го пратил Исуса Христа да умре за нас на крстот?

Овие прашања се всушност толку добри, што заслужуваат и добри одговори. Затоа продолжете со читање.

### ЧОВЕКОТ КОЈ СЕ ПРОШВЕРЦУВАЛ ВО АУШВИЦ

Денис Еви е во секој поглед посебен човек. За време на Втората светска војна, овој храбар и решителен војник го заробиле Германците и го затвориле во логор кој се наоѓал во близина на најголемиот концетрационен логор Аушвиц.

Неговото однесување во логорот било навистина неверојатно. Додека милиони други на негово место би направиле сè за да побегнат, Денис Еви постојано се вовлекувал во Аушвиц.

Еви сега има 91 година и живее во Дарбишир, во Англија. Тој кажува дека сакал да види што се случува во логорот и да ја открие вистината за гасните комори, за тоа да им зборува на другите. Свесен е дека имал „ѓаволска среќа“.

Една вечер се потрефило да го замени местото со еден затвореник, Евреин, во кого стекнал доверба. Ја заменил со него својата униформа за нечистата облека на затвореникот. За затвореникот на Аушвиц ова значело драгоцен пристап до храна и одмор во логорот за Британците, додека за Денис ова било пригода да ја согледа вистината однатре.

www.news.bbc.co.uk/1/hi/8382457.stm

---

[1]Annie Dillard, *Harpers*, „The Wreck of Time’, January, 1998, стр. 53.
[2]Beah, Ishmael, *A Long Way Gone* (Farrar, Straus, Giroux; New York), 2007, стр. 126.
[3]*Ibid*, стр.135.
[4]Caputo, Philip, *A Rumor of War* (Henry Holt; New York), 1996, стр. 230.
[5]*Ibid*, стр. 311.





*Ние тоа го гледаме и го препознаваме, го чувствуваме и го доживуваме не само на своја кожа туку и во поголем размер, преку настаните во светот.*

# ДВАЈЦА ГОСПОДАРИ ВО ВОЈНА

Дали некогаш сте го гледнале документарниот филм од 2008 година „*Човекот на жица*“? Тоа е филм од неколку минути од кој ви надоаѓаат морници додека го гледате Французинот Филип Пети како (во 1974 година) оди по кабел врзан за врвовите на Кулите близначки на Менхетен. Набљудувачите под него стојат вкочанети, вџашено гледајќи како тој успева да го избегне падот додека се навалува де на едната де на другата страна.

Дали некогаш сте се чувствувале како Филип Пети, како да одите по растегнато јаже и се обидувате да одржите рамнотежа за да не се навалите ниту на едната ниту на другата страна, не знаејќи која одлука ќе ве одведе во амбисот? Дали некогаш сте се чувствувале вовлечени во жестока битка меѓу невидливи сили, од кои секоја се обидува да ве придобие за себе?

Не сте сами во тоа.

Поетот Т. С. Елиот напишал: „Светот се врти и светот се менува / но ништо не се менува./ Во текот на сиот мој живот ништо не се сменило; ... / постојана борба меѓу доброто и злото“.[1]

Фридрих Ниче, еден од највлијателните филозофи на модерното време, рекол: „Да донесеме заклучок. Двете *спротивни* вредности ’доброто и лошото’, ’доброто и злото’, веќе со илјадници години се наоѓаат во застрашувачка битка на Земјата“.[2]

„За почеток“, запишал Еразмо, теолог од шеснаесетиот век, „мораме постојано да бидеме свесни за фактот дека животот на оваа земја може најдобро да се опише како своевидно постојано војување“.[3]

Но, не е потребно да бидеме теолози, поети или филозофи за да препознаеме дека оваа борба е реална. Кој не ја почувствувал оваа сурова борба, разгорена битка, судирот на двете спротивставени сили кои допираат во умот, совеста и срцето на човекот? *Дали треба да крадам на работното место, особено затоа што мојот шеф е таков незнајко? Дали смеам да ги лажам своите пријатели? Како да се поставам кон заводничкото однесување на онаа мажена колешка на работа?*

Несомнено е дека многу луѓе ја чувствуваат борбата меѓу спротивставените сили, меѓу доброто и злото, исправното и неисправното. Ние тоа го гледаме, ние тоа го чувствуваме и го доживуваме не само во нашиот живот туку и, во многу поголеми размери, во настаните во светот.




Кои се тие сили? Дали се само плод на нашата фантазија? Ако не, кое е нивното потекло, што сакаат тие и како да се поставиме кон нив?

За почеток една работа е сосем јасна: нашата вселена е огромна и би било неверојатно само нашата мала планета да биде населена. Мнозина не веруваат дека ние сме сами. Една научна гранка, астробиологијата, е посветена на пронаоѓање на интелигентни облици некаде во вселената. Но, додека астрономите ги насочуваат современите машини кон ѕвездите, надевајќи се дека ќе слушнат барем некакво интелектуално мрморење или глас, Светото писмо го разјаснува она што науката само го претпоставува: Земјата не е единственото населено место во вселената.

„Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Послание до Ефесјаните 6,12).

„Зашто ми се чини, Бог нè постави нас апостолите најпоследни, како осудени на смрт; зашто им станавме призор на светот, и на ангелите и на луѓето“ (1. Коринќаните 4,9).

„Еден ден дојдоа Божјите синови да застанат пред Бога, а меѓу нив пристапи и сатаната. Тогаш Господ го праша сатаната: ʻОд каде доаѓаш?ʼ- ʻЕве, поминав низ земјата и ја обиколив', одговори тој“ (Јов 1,6.7).

Од овие неколку текстови можеме да видиме дека не само што постојат натприродни битија во други создадени делови туку го гледаме и нивното влијание на нас овде на земјата, како и фактот дека некои од нив се мошне непријателски настроени. Највпечатливи стихови кои опишуваат што навистина се случува зад сцената во оваа вистинска вселенска битка, се следните:

„И настана војна во небото; Михаило со своите ангели завојува против змевот. И змевот и неговите ангели завојуваа, но не устоија и не им се најде веќе место во небото. И беше исфрлен големиот змев, старата змија, наречена ѓавол и сатана, која го заведува целиот свет; беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него... Затоа, веселете се небеса и вие, кои живеете во нив. Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време“ (Откровение 12,7-9.12).

Накратко, независно од нашите сетила, кои ни откриваат само мало делче од реалноста, големата борба меѓу доброто и злото, Христа и сатаната, се води на секое ниво на човековото постоење, од политичките односи на нациите преку тивките борби во секоја човечка душа, а нејзиниот исход има вечни последици. Ние се наоѓаме среде вистинска вселенска битка со невидливи натприродни сили кои потекнуваат од другите делови на создадената вселена, битка која несомнено се води на Земјата.

Мнозина се потсмеваат на идејата дека постојат сатаната, ангелите или воопшто натприродното. Според нив, постои само светот на природата кој ги следи природните закони и научните принципи. Но тоа е многу тесно согледување на реалноста. Иако Библијата го признава постоењето на законите и принципите на природата, таа не се ограничува само на нив, како тоа да е сè.

На пример, колку повици на мобилните телефони во моментов се наоѓаат во воздухот меѓу нас? Зар не се тие реални како и здивот кој излегува од нашата уста? Па сепак, затоа што тие повици не можеме да ги видиме, и поради тоа што немаме некакви рецептори за да ги фатиме, дали ќе ја негираме нивната реалност? Прашајте ги луѓето кои заболеле заради радијацијата од фрлените атомски бомби на Хирошима и Нагасаки, дали може да нè повреди она што не го гледаме?

Значи, иако не сме го избрале тоа сами, ние постоиме во свет во кој доброто и лошото, исправното и неисправното, законот и беззаконието, достоинството и понижувањето, верата и неверството се борат за превласт. Нашите мисли, дела и зборови секој ден нè ставаат на едната или на другата страна во оваа голема духовна борба, борба која ја гледаме насекаде околу нас и која ја чувствуваме секој ден во нашиот живот и во нашето срце.

Популарниот американски комичар од 1970-те, Флип Вилсон, употребувал една реченица која на крајот станала и дел од американскиот јазик: „Ѓаволот ме натера тоа да го направам“. Тоа, секако, предизвикало многу смеење. Меѓутоа, додека го набљудуваме светот околу нас, расипаноста, страдањата, насилствата, обично предизвикани од човечки дела, таа реченица - иако е замислена како шега – е пореална отколку што Флип Вилсон некогаш можел да замисли. Ако е така, тогаш, и покрај сето тоа смеење, ова и не е толку смешно.

Имаме одлична вест дека Бог ни понудил конечно решение и начин како да победиме. Овој свет, со сите свои напори и неволји, не е сè што постои, а злото, расипаноста и страдањата што ги гледаме на сите страни, не мора да го имаат последниот збор во нашиот живот. „Со што ни се подарени скапоцени и најголеми ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, откако ѝ избегавте на расипаноста, која е во светот, преку сладострастието, кое владее во светот“ (2. Послание на апостол Петар 1,4).

Клучот е во следново – *која страна сме ја избрале во оваа битка?* Читајте понатаму: сакаме да ви ги разјасниме можностите што ви стојат на располагање.

---

[1]Eliot, T. S., *The Complete Poems and Plays* (Harcourt Brace; New York) 1980, стр. 98.
[2]Nietzsche, Friedrich, *On the Genealogy of Morals* (Random House, New York) 1967, стр. 52.
[3]Erasmus, Desiderius, *The Essential Erasmus* (Penguin Books; New York) 1993, стр. 28.

СТАТИСТИКА

**38% ОД БРИТАНЦИТЕ ВЕРУВААТ ДЕКА ПОСТОЈАТ АНГЕЛИ**

Еден универзитетски професор неодамна ги критикувал родителите кои ја укорувале својата седумгодишна ќерка кога им кажала дека секоја вечер крај својот кревет гледа како доаѓа ангел за да ја утеши. Ангелите не се само кадифени играчки за деца, ниту пак децата се единствените што веруваат во нив. Книгите како *Angels in My Hair (Ангели во мојата коса)* од Лорна Берн или *Angels Watching Over Me (Ангелите ме чуваат)* од авторката Џеки Њуком, се продадени во милиони примероци. И понатаму најпопуларни се ангелите чувари во кои веруваат 38% од луѓето.

Библијата кажува дека ангелот Гаврил, на пример, ѝ ја донел радосната вест на Девица Марија дека ќе го роди Спасителот. Меѓутоа, генерации свештеници од нестабилните шеесетти години на 20 век настојувале таквите места во Библијата да ги отфрлат, објаснувајќи ги како метафори за некои овоземни видови гласници. Муслиманите му го припишуваат на ангелот Гаврил пренесувањето на Божјите зборови на Мухамед. Само некој смел и самоуверен би можел јавно да го отфрли таквото верување.

Во теолошка смисла, ангелите ја заслужуваат нашата почит.

Бог е несоздаден дух; луѓето се телесни суштества со духовна компонента; ангелите се духовни суштества без телесна компонента. Тие имаат интелект и волја, и се многу поумни од нас. Сатаната е ангел кој станал лош.

Според проценките на еврејската и христијанската традиција, постојат милиони ангели повеќе отколку луѓе. Во тој случај, не би било необично еден од нив да сретнеме и крај нашата постела.

www.telegraph.co.uk/comment/columnists/christopherhowse/6133673/Do-you-believe-in-angels.html



# АГЕНЦИЈА НА ЗЛОТО

*„Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време“ (Откровение 12,12).*

Без оглед на тоа дали се однесува на Андерс Брејвик, кој уби седумдесет и седум луѓе во Норвешка или на Џејмс Холмс, кој уби 12 а повреди уште десетина луѓе во Колорадо, или на цунамито кое во 2011 година во Јапонија усмрти 15000 и повреди 26000 луѓе, или станува збор за околу педесетте милиони луѓе убиени во Кина за време на владеењето на Мао Це Тунг - една работа е сигурна: злото не е чисто човечки изум, не е само човечка идеја (како апстрактниот импресионизам или барокната класична музика). Злото навистина постои, како и конкретната сила која стои зад него - сатаната.

Луѓето се потсмеваат на идејата дека сатаната т.е. ѓаволот постои, но кога ќе се соочат со злото, дали преку криминал, војна или природна катастрофа, тие во тоа не гледаат ништо смешно, бидејќи нема ништо смешно во врска со тоа ниту во врска со силата која стои во негова заднина. Сатаната навистина постои и е ужасен исто како што се ужасни злото, болката и страдањето кое тој ги предизвикува на земјата уште од својот пад. Тој е подеднакво реален како што се и криците на сите луѓе на земјава, кои, на овој или на оној начин, веќе толку долго се негови жртви. Со други зборови, ова се однесува на сите нас, иако мнозина сатаната сè уште го сместуваат во областа на фикцијата заедно со Бетмен или Дарт Вејдер. Тоа е голема грешка која луѓето ги изложува на сите видови измами.

Христијанскиот автор Елена Вајт тоа вака го опишала: „Големиот измамник од ништо не се плаши во толкава мера колку од тоа ние да ги запознаеме неговите планови. За подобро да го скрие својот вистински карактер и своите намери, тој сака да го прикажуваат така за неговото име да не предизвикува некаква возбуда, туку само смев и презир. Мило му е кога себеси ќе се види насликан како смешно или одвратно суштество, деформиран - половина човек а половина животно. Мило му е кога ќе слушне дека неговото име го употребуваат во шега или во подбив оние што себеси се сметаат за верни и добро упатени“.[1] (Споредете го со поговорката: „Ѓаволот ме натера тоа да го направам!“).

Како што видовме во претходната глава, Библијата јасно зборува не само за реалноста на злото туку и за неговото потекло - неговото *натприродно* потекло во еден дел од вселената - но вистинската борба се води токму тука, во овој свет. „Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време“ (Откровение 12,12).

Библијата го потврдува она што треба да е очигледно: земајќи ја предвид величината на вселената, ние не сме нејзини единствени жители (далеку од тоа) меѓу она што е создадено. Вселената е полна со живот и интелигентни созданија, а Библијата покажува и дека некои од тие жители, за жал, се моќни и злобни, и се обидуваат да нè уништат. Така, во таа голема борба меѓу Христа и сатаната, доброто и злото, сатаната, тоа натприродно (и моќно) „суштество“, копнее да нè уништи. Многу луѓе ја чувствуваат реалноста на борбата меѓу доброто и злото. Она што треба да го согледаат е реалноста на силата која стои зад сето тоа, вклучувајќи ја и реалноста на ѓаволот како личност и реално создание.

„Бидете трезвени и бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да го проголта“ (1. Петрово 5,8). А проголтувањето е токму она што тој го правел, го прави и ќе го прави до крајот на времето.

Една од најзначајните книги во Библијата која ја открива не само реалноста на ѓаволот туку и неговите злобни планови за човештвото, е Книгата за Јов. Таа ни зборува за еден човек по име Јов, чиј живот се одвивал доста добро - бил богат, здрав, имал големо семејство полно со љубов и бил славна личност – сè додека не почнале да се редат несреќи, една по една, за да го доведат до тоа да ја отфрли верата во Бога. Иако сиромашкиот Јов, кој за кратко време ги изгубил своите деца, па својот имот, па здравјето, не ни знаел зошто му се случува сето тоа, Библијата ја повлекува завесата и ја открива битката меѓу Бога и сатаната, битка која почнала во друг дел од вселената, но сега се води овде. Иако Библијата не ни дава детали за тоа како започнала таа битка, на многу места јасно ни е претставена стварноста на сатаната и неговото дејствување на Земјата.

Така е и во Книгата за Јов.

„И сатаната отиде од пред Господовото лице. Тој го удри Јов со лути рани од стапалата до темето. Јов зеде црепка за да се струже со неа и седна во пепел. Тогаш неговата жена му рече: ’Зар си уште постојан во непорочноста? Проколни го Бога и умри!’ Јов и одговори: ’Брбориш како што брборат безумните жени! Штом примаме добро од Бога, зошто тогаш да не го примиме и злото?’ Во сè тоа Јов не згреши со своите усни“ (Книгата за Јов 2,7-10).

Иако оваа ситуација вклучува многу повеќе факти и пораки, овие неколку стихови покажуваат дека сатаната ќе направи сè што може за да го мачи Јова, употребувајќи

*„Сатаната постојано се труди погрешно да го претстави Божјиот карактер, природата на гревот и големите прашања околу кои се води големата борба [...] Тој едновремено ги наведува да имаат погрешна претстава за Бога, кон него да негуваат страв и омраза наместо љубов“.*

ја дури и жената на Јов во својот обид да го одврати од неговиот Господ. Иако Јов сметал дека Бог е одговорен за неговите неволји, како што и ние често мислиме (на крајот на краиштата, зошто несреќите како земјотресите и поплавите се сметаат за „Божја казна“?), сепак Јов решил да му остане верен на Бога по секоја цена!

Во првите денови од историјата на оваа Земја, во едемската градина, сатаната (тука преправен во змија, иако на други места е опишан како аждер; види 1. Мојсеева 3,1;

© www.bigstockphoto.com/IgorIgorevich

и Откровение 20,2), го повел човештвото во грев. Од тогаш, па дури и во последните денови на Земјата, во време кога сатанските активности се вака опишани: „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“ (Откровение 12,17) – целта на ѓаволот е да го клевети Божјиот карактер, да предизвика што е можно поголема пустош и колку може повеќе луѓето да ги држи што подалеку од спасоносната милост на Исуса Христа.

*Целта на ѓаволот е да го клевети Божјиот карактер, да предизвика што е можно поголема пустош и колку може повеќе луѓето да ги држи подалеку од спасоносната милост на Исуса Христа.*

Сепак, ние можеме да се потпреме на уверувањето, надежта и ветувањето за избавувањето кое го наоѓаме во Исуса и во она што Тој го направил за нас на крстот. Ние ја повторуваме нашата лозинка: „Со што ни се подарени скапоцени и најголеми ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, откако ѝ *избегавте на расипаноста* која е во светот, преку сладострастието, кое владее во светот“ (2. Петрово 1,4).

Две работи не смеете никогаш да ги заборавите: Христос умрел за вас и еден ден вие ќе умрете. Сепак, вашата смрт не мора да биде трајна. Тоа е суштината на Евангелието: тоа нуди излез, почнувајќи од овој момент, од огромното уништување кое ѓаволот го прави меѓу луѓето. „Затоа се јави Божјиот Син, за да ги разурне делата на ѓаволот“ (1. Јованово 3,8).

Ако гледате фудбалски натпревар, а уште пред крајот знаете кој ќе победи, зар не се подразбира дека ќе ја изберете победничката страна? Уште позначајно од фудбалски натпревар е големата борба меѓу доброто и злото, борба која, ако биде препуштена во наши раце, ние секако ќе ја изгубиме. Но Бог, во личноста на Исуса Христа, оваа војна ја добил чисто и едноставно, и затоа Тој ни нуди да учествуваме во Неговата победа сега и засекогаш. Ние знаеме која страна победила; затоа наша најзначајна одлука е да се погрижиме да бидеме на таа страна.

---

[1]White, Ellen, *The Great Controversy* (Pacific Press Publishing Association; Nampa, Idaho) 1995, стр. 516-517.




**За љубовта**, за онаа вистинска, исконска, совршена љубов, има многу напишани дела. Како ја доживуваме љубовта? Умееме ли да сакаме? Уживаме ли да даваме љубов исто толку колку што сме подготвени да ја примаме? Имаме ли смелост да прифатиме еден таков предизвик? Дали проштаваме и заборавааме? Не е секогаш лесно да се сака, но може да биде мошне интересно. **Да се покаже љубов**, тоа понекогаш може да биде најделикатна акција на светот, но затоа носи бесконечна и возвишена награда. Оваа книга ќе Ви помогне не само да сакате туку и да запознаете нешто со што ќе го збогатите својот живот!

www.**znacinavremeto**.mk





© www.bigstockphoto.com/ olly2

# За човечките КОПНЕЖИ

*Од каде потекнува желбата да обожаваме системи, сили, традиции, предмети па дури и други луѓе – сè друго, само не Бога?*

Како што веќе беше кажано, луѓето имаат потреба некого да обожаваат. Посетете кој било музеј од старата историја; тешко ќе ги избегнете идолите, статуите на „боговите“ на кои нашите предци им жртвувале сè, од пилиња до сопствените деца.

Служењето на идоли не е особина само на нашите предци. Таблоидите и интернетот се преплавени со фотографии на познати личности на кои мнозина им се поклонуваат и ги обожаваат, колку и да се тие идоли безвредни.

Од каде оваа потреба за обожавање меѓу најразумните и најинтелигентни суштества од крв и месо на оваа планета? Од каде оваа желба да обожаваме системи, сили, традиции, предмети, па дури и други луѓе – сè освен Бога, единствениот во вселата кој е достоен да го обожаваме?

Одговорот се наоѓа во тоа што сите ние сме вовлечени во една голема борба, а жариштето на таа борба е прашањето околу обожавањето, односно верноста. Кого го обожаваме и зошто? Од ова прашање зависи нашата вечна судбина. Да, тоа е мошне важно прашање.

Создадени сме како слободни битија, слободни да бираме кого или што сакаме да обожаваме. Кои можности ни се нудат и како можеме да знаеме како да донесуваме правилни одлуки?



www.istockphoto.com/imagestoc

# ОБОЖАВАЊЕ *на* РАБОТИТЕ

*Кога луѓето ги сакаат парите и богатството повеќе од Бога и кога се подготвени да се продадат само за да ги добијат, тогаш парите стануваат најраспаната сила во светот.*

Тоа е еден од најпознатите празници во Америка, иако, за разлика од Божиќ или Велигден, нема да го најдете забележан во календарот. Се нарекува Црн петок зашто тоа е петок кој доаѓа по американскиот *Ден на благодарноста*, а се паѓа секој четврти четврток во ноември. Своето име Црн петок го добил затоа што претставува најударен ден за купување во годината, кога многу малопродажни објекти конечно „влегуваат во црно“, т.е. остваруваат профит. Со оглед на тоа дека Црниот петок се смета за почеток на сезоната на божиќните купувања, многу продавници отвораат рано, а некои дури уште на полноќ во четврток, за да привлечат што е можно повеќе купувачи.

Реки од купувачи навалуваат трчајќи како луди, да купат, купат, купат, секако, по најниски цени. За мнозина ова станало речиси како верска церемонија - до која толку страствено се придржуваат, без оглед на последиците.

На пример, еднаш на „Црн петок“ во трговскиот центар „Волмарт“, на улицата Вели Стрим во Њујорк, уште околу 3.30 часот (трговскиот центар се отвара во 5.00) се собрале толку луѓе што, поради тој огромен метеж, полицијата морала да интервенира. Околу 4.55 ч., пред да стигне полицијата, околу 2000 купувачи почнале да удираат на двојната стаклена врата. Вратата се скршила и нестрпливите поддржувачи на економијата на слободниот пазар, со цврстите и сјајни кредитни картички во своите паричници, упаднале внатре, прегазувајќи го до смрт еден од продавачите. Дури и тогаш кога било кажано дека сите мора да ја напуштат продавницата поради смртта на продавачот, мнозина одбиле, тврдејќи дека предолго чекале и дека нема да



© www.istockphoto.com/TommL

си отидат сè додека не го купат она поради кое дошле, и тоа по цени со попуст. Верните го обожавале својот бог во храмот Волмарт, и само полицијата можела да ги истера.

Иако ова е екстремен случај, тој открива нешто за човечката природа, а тоа е нашата нескротлива желба работите да ги имаме во наша сопственост, да ги купуваме, да стекнеме имот. Повеќето луѓе, било во Европа, на Средниот или на Далечниот Исток, без оглед на расата, националноста, религијата или политичкото убедување, имаат вродена склоност кон материјализмот.

Со други зборови, луѓето се луѓе, парите се пари, работите се работи. Ако имаат пари, повеќето луѓе ќе ги употребат за да купат сè што можат, без оглед дали тоа им е потребно или не, како во случајот со седумнаесетгодишниот Кинез кој го продал својот бубрег за 2000 фунти, за да си купи ајфон или ајпод!

Навистина, додека милиони се борат да се прехранат, некои во Соединетите Арапски Емирати плаќаат 27000 долари за еден посебен колач (внимавајте, колач!) наречен „Златен Феникс“. Додека милијарди се борат да пронајдат чиста питка вода, еден познавач на вина неодамна платил 75000 фунти за едно единствено шише бело вино. Милиони се и понатаму без работа, но главниот менаџер на „Вијаком“, во 2010 година заработил 84,5 милиони долари, не сметајќи ги 70,5 милиони долари вредни акции со кои располагал. И покрај тоа што многу домови се изгубени за време на големата рецесија поради хипотеки, и што многу луѓе никогаш не живееле во нешто подобро од шупа, милионерот од Мумбаи, Мукеш Амбанин, си изградил дом на 27 ката, со речиси 4000 квадратни метри, под името


© www.bigstockphoto.com/ hfng

„Таџ Махал на дваесет и првиот век“, кој вреди една милијарда долари.

„Ненаситноста е добра, и патем речено, мислам дека е здрава. Можете да бидете ненаситни и сè уште да имате добро мислење за себе“.[1] Овие незаборавни зборови ги изговорил брокерот од Волстрит, Иван Боески, во 1986 година на една дипломска свеченост на Харвард. (Меѓутоа, Боесиевата ненаситност на крајот го одвела во затвор, каде што останал неколку години).

На старото прашање *Кога доволното е доволно?* одговорот изгледа очигледен: *доволното никогаш не е доволно*. Тоа никогаш не може да биде доволно, бидејќи, без оглед колку ние ги обожаваме, копнееме за нив и се однесуваме како да се богови, материјалните работи никогаш не можат вистински да ги задоволат потребите на нашата душа. Луѓето сè уште не ја сфаќаат оваа вистина, така што натрупуваат сè

повеќе и повеќе, често на сметка на другите луѓе; сепак, колку и да натрупуваат, тоа нема да ги задоволи, бидејќи размерите на човечките желби се толкави што материјализмот и алчноста не можат да ги задоволат.

Ние во почетокот сме биле создадени за да го обожаваме само Бога и ништо друго, но кога еднаш сме се повлекле од Него, сме станале идолопоклоници, обожаватели на сè и сешто само не на Бога. Она што Павле го напишал за нас во Библијата пред толку векови, важи и денес: „Кои Божјата вистина ја заменија со лага, и му се поклонуваа и служеа на созданието место на Создателот, кој е благословен довека. Амин!“ (Римјаните 1,25).

Токму тоа го сака сатаната; тој сака да обожаваме кого било или што било (филмските ѕвезди, познатите личности, сексот, моќта, нашето тело), сè друго, само не Господа. И за многу луѓе, во период на благослостојба, парите и материјализмот им се на прво место, тие се нивен бог, без оглед што тоа не ги спасува па дури не ги ни исполнува.

„Кога ќе заработите милијарда долари“, рекол медиумскиот магнат Тед Тарнер, „тоа веќе не е нешто големо... Мислев дека ќе слушнам фанфари. Но ништо не се случи. Да имаш големо богатство е една од најразочарувачките работи. Тоа е преценето, ви го тврдам тоа. Тоа не е подобро од просечен интимен акт. Просечниот интимен акт е подобар од статусот милијардер“.[2]

Светиот апостол Павле упатил опомена: „А оние кои сакаат да се богатат, паѓаат во искушение, во стапица и во многу неразумни и штетни желби, што ги туркаат луѓето во пропаст и погибел, зашто среброљубието е корен на секакви зла; некои му се предадоа, се отстранија од верата и се прободоа себеси со многу болки“ (1. Тимотеј 6,9-10).

Проблемот не е во парите, туку во тоа што, кога парите ќе станат бог, ги одвлекуваат луѓето од вистинскиот Бог, токму како што Павле овде предупредува. Библијата ја осудува ненаситноста и експлоатацијата, особено експлоатацијата на сиромашните. Сами по себе парите и богатството не се зло, ниту, пак, Библијата ги проколнува. Зло е кога луѓето ги сакаат парите и богатството повеќе од Бога и кога се подготвени да се продадат само за да ги добијат; тогаш парите стануваат најрасипаната сила во светот.

Ние треба да го обожаваме само Господа Бога кој ја создал вселената и ја одржува (Евреите 1,3). Сепак, во таа голема борба, сатаната е пресреќен кога мами милиони луѓе со тоа лажно чувство на сигурност кое го даваат богатството и парите, иако таа сигурност е неизвесна.

Стариот пророк предупредува:

*„Своето сребро ќе го исфрлат по улиците, а златото ќе им биде како ѓубре, во денот на Господовиот гнев не ќе ги избават ни среброто ни златото, не ќе можат да им ги ситат душите ниту да им ги наполнат желудниците, зашто се сопнаа врз тоа за грев“ (Езекил 7,19).*

Ненаситноста (и расипаноста што таа ја носи) е нешто од што сите ние треба да побегнеме. Исус ни нуди излез. Тој се нуди себеси и ни вели:

*„Зошто да ги трошите сребрениците за она што не е леб, и својата надница за она што не сити? Послушајте ме мене, и ќе јадете добро, и ќе уживате во сочни јадења. Приклонете го увото и дојдете при мене, послушајте ме, и душата ќе ви живее. Ќе склучам со вас вечен Завет, Завет на милости, ветени на Давида“ (Исаија 55,2.3).*

Тој вели: „Дојди кај мене и обожавај ме само мене. Јас ќе ги задоволам сите твои потреби и ќе те поштедам од расипаноста која идолопоклонството секогаш ја носи со себе, а особено материјализмот. Јас ти нудам нешто што ќе трае вечно, нешто што далеку повеќе ќе ја исполни твојата душа, и тогаш кога ќе ти се расипе ајподот или ќе ти се поплави куќата или твоето тело пропадне“. Во почетокот луѓето биле создадени за да живеат вечно; а вечноста, која започнува сега, се состои во она што Исус ни го дава, а само ние можеме да избереме таа понуда да ја прифатиме.

[1]http://www.worldofquotes.com/author/Ivan+F.+Boesky/1/index.html

[2]Цитирано во статијата „Ted Turner's Big Letdown“, *Harpers Magazine*, јуни 1997, стр. 33.



*Кога луѓето ги сакаат парите и богатството повеќе од Бога и кога се подготвени да се продадат само за да ги добијат, тогаш парите стануваат најрасипаната сила во светот.*



# *Свети* КРАВИ

Во својата позната книга *Браќа Карамазови*, писателот Фјодор Достоевски пишува за Исусовото враќање, со таа разлика што, наместо да дојде на „облаците во слава“, како што пишува во Библијата, Исус се враќа во човечка лика за време на шпанската инквизиција, кога „спроти тој ден, во 'величествениот акт на верата' (auto da fe), во присуство на кралот, дворјаните, витезите, кардиналите и прекрасните дворски дами, пред многубројните жители на цела Севиља, кардиналот, големиот инквизитор, запалил речиси сто еретици“.[1]

Здогледувајќи го Исуса, луѓето се восхитени, додека тој „молкум поминува меѓу нив, со тивка насмевка на бесконечна сомилост“.[2] Откако исцелил неколку слепи од раѓање, децата фрлале цвеќе пред Господовите нозе. А потоа, кога погребната поворка која носела млада девојка, го поставила ковчегот пред Исуса, „неговите усни тивко, и уште еднаш изговараат: 'Талита куми',[3] и таа оживува. Мноштвото било восхитено, исто како и во библиско време, кога Исус ги воскреснувал мртвите.

Сепак, како и во библиско време, Исус не бил ништо позадоволен од верскиот систем на семоќната црква во време на инквизицијата. Големиот инквизитор гледа што се случува и,

додека мноштвото се притеснува пред него во страв, свештениците го апсат Исуса и го фрлаат во затвор. Таа ноќ додека Исус седи во затворот, кај него доаѓа големиот инквизитор и му вели: „Зошто сега дојде да ни пречиш?... Јас утре ќе те осудам, и ќе те запалам на клада како најголем еретик, а истиот овој народ кој денеска ги бакнуваше твоите нозе, уште утре, само на еден знак на мојата рака, ќе потрча да стави оган околу твојата клада“.[4]

Иако ова е само измислица, приказната на Достоевски ја открива значајната вистина неповолна за човечките суштества: тие тежнеат да обожаваат што било друго само не Бога, а тоа го вклучува дури и обожавањето на верските институции кои му се спротивставуваат на Бога, за кого тврдат дека го претставуваат!

Во овој случај Достоевски посебно ја напаѓал Римокатоличката црква, но принципот е ист со која било религиозна институција која себеси си препишува особини кои му припаѓаат само на Бога. Кога ќе дојде до тоа, тие институции стануваат, што би рекле Англичаните, 'свети крави'.

Што е „света крава“? Тоа е кога нешто, најчесто религиозно тело или институција, станува објект на обожавање, почитување, нешто што е над и надвор од критика - нешто што го зазема Божјото место. Во таа смисла, оваа институција може да има речиси целосна контрола над умовите на своите обожаватели. Во такви ситуации настануваат злодела извршени во Божјо име, кои Бог никогаш не би ги одобрил. Така историјата, па дури и денешниот свет, е исполнета со трагични извештаи за оние чиешто обожавање и предаsuccessful на религиозниот систем ги навело да направат некакви страшни дела. Од бомашите самоубијци на 11 септември 2011 г. до наркокартелите во Мексико со име „Фамилија“ чиишто членови ја носат Библијата дури и кога на луѓето им ги отсекуваат главите - светот живее под товарот на оние чие обожавање на светите крави им носи само трагични последици.

Ние луѓето сме создадени да го обожаваме Бога, но сатанските засилени напори уште од падот се насочени да го наведат човекот да обожава кого било и што било, *само не Бога*, а доколку тоа ги вклучува религиозните институции кои тврдат дека го претставуваат Бога, толку подобро. Всушност, пред многу векови апостол Павле посебно предупредил дека многу луѓе навистина ќе паднат во таа стапица да обожаваат лажен религиозен систем кој тежнее да го заземе Божјото место.

Тој пишува: „Ве молиме, браќа, во однос на доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос и за нашето собирање заедно при Него, не дозволувајте брзо да се поколебате во разумноста, ниту да се исплашите ни од дух ни од слово ни од послание, како да е од нас испратено, како веќе да настапил Господовиот Ден! Никој да не ве измами ниту по каков начин, зашто тоа не ќе се случи додека првин не дојде отпаѓањето и не се појави човекот на беззаконието, синот на погибелта, кој се противи и се воздига над сè што се нарекува Бог или светина, така што ќе седне во Божјиот храм и ќе се претставува себеси дека тој е Бог“ (2. Солуњаните 2,1-4).

*Луѓето се такви: склони да обожаваат сè и сешто, само не Бога, а тоа значи дека, наместо Бога, тие ги обожаваат и оние верски институции кои тврдат дека го претставуваат Бога!*



Иако овие стихови со години се толкувани и сфаќани различно, сепак пораката е јасна: Пред Христос да се врати, во христијанството ќе се случи голем отпад и некој или, најверојатно, некој религиозен систем (поединци во Библијата често се спомнувани како симболи на цели системи), ќе станат и ќе работат на тоа да го присвојат обожавањето кое му припаѓа само на Бога.

Тоа значи дека сатаната ќе работи на тоа да ги наведе луѓето да обожаваат и да следат некаков систем, *верски* систем, наместо да го следат Господа. Ова е суштината на отпадот, и тоа ги наведува луѓето да прават ужасни злодела во Божјо име, работи кои, како што кажавме, Бог – Бог на љубовта - никогаш не би барал од нив да ги направат.

Елена Вајт, христијански автор, во книгата *Големата борба* пишува: „Сатаната постојано се труди погрешно да го претстави Божјиот карактер, природата на гревот и вистинскиот резултат на големата борба. Неговите измислици го заслабнуваат чувството на обврска кон божествениот Закон и на луѓето им дозволува да грешат. Во исто време сатаната им помага да негуваат грешни сфаќања за Бога, та на Бога повеќе да гледаат со страв и омраза отколку со љубов. Свирепоста, која е составен дел на неговиот карактер, сатаната му ја припишува на Творецот. Таа е олицетворена во верските системи и се гледа во начинот на богослужението“.[5]

Системите, институциите, па дури и верските, лесно можат да се изопачат. Меѓутоа, сите овие системи, колку и да тврдат дека Бог ги воспоставил, човечките суштества, паднатите човечки суштества, сè уште донесуваат одлуки за тоа како ќе управуваат со нив. Уште полошо е што тие најчесто одлуките ги донесуваат во Божјо име. А кога некој прави нешто во Божјо име, *особено кога Бог тоа од него не го барал* - ете рецепт за расипаност и зло.

Тука, можеби повеќе од кое било друго место, можеме да ја најдеме причината за сите лоши работи што ги направиле оние кои за себе тврделе дека се религиозни. Добитникот на Нобеловата награда, физичарот Стивен Винберг, во една пригода рекол: „Со или без религија, добрите луѓе можат да се однесуваат добро а лошите луѓе можат да прават зло; но за добрите луѓе да прават лошо, потребна е религијата“. Тоа била неговата порака.

Меѓутоа, ништо од ова не е ново. Пред две илјади години, кога ѓаволот го искушувал нему да му се поклони и да го обожава, Исус му одговорил: „А Исус одговори и му рече: 'Бегај од мене, сатано, оти е напишано: Поклонувај му се на Господа, твојот Бог, и само нему служи му!'“ (Лука 4,8).

Ова има клучно значење од повеќе причини. Најнапред, затоа што Бог е наш Создател и единствено Тој е достоен да го обожаваме. Второ, животен принцип е човекот да не се воздигнува над она што го обожава, што и да е тоа. Ако обожаваме изопачени институции, ние никогаш нема да бидеме подобри од нив; всушност, ние копнееме да бидеме како нив. Ова му се случило на древниот Израел. „Се стремеа кон суетата, па и самите станаа суетни“ (2. Царевите 17,15); тоа значи дека се изедначиле со она што го обожавале.

Единствен начин да ја избегнеме оваа стапица, оваа измама, е да го обожаваме Бога и само Бога; сигурни сме единствено ако му бидеме послушни и ако му дозволиме да го обликува нашиот живот според својот лик, како што самиот Тој ни ветил. Институциите и организациите имаат свое место, но ние никогаш не смееме да ги ставиме на Божје место. Ние треба да го обожаваме Оној „кој ги создал небото и земјата и морињата и водните извори“ (Откровение 14,7). Сè друго што обожаваме претставува „света крава“, а кој сака да не се воздигне над крава, колку и да се смета таа за „света“?

[1]Фјодор Михајловиќ Достоевски, *Легенда за Големиот инквизитор*, CID, Beograd, 1998, стр. 27.
[2]*Ibid.*
[3]*Ibid.*
[4]*Id.*, стр. 27-28.
[5]White, Ellen, *The Great Controversy* (Pacific Press Publishing Association; Nampa Idaho) 1985, стр. 569.




# Човекот во лабораториски **мантил**

Во сообраќајна несреќа на возови во Северна Кореја загинале повеќе од сто луѓе. Превезувајќи гориво, возот експлодирал и предизвикал пожар во блиската зграда. Според официјалните извори на Северна Кореја неколку граѓани го изгубиле животот во обид да ја извлечат од огнот сликата на некогашниот севернокорејски водач Ким Џонг Il и неговиот покоен татко, Ким Il Сунг.

„Штом ги слушнале звуците на тешката експлозија додека се враќале дома од ручек, Чо Јонг Il и Јон Тонг Сик, работници во државна продавница за набавка, потрчале назад во продавницата. Кога се обиделе да ги извлечат портретите на претседателот Ким Il Сунг и водачот Ким Џонг Il, зградата се урнала, ги затрупала и тие умреле како херои... Многу луѓе од таа земја на прво место се обиделе да ги спасат портретите, па дури потоа и членовите на семејството или делови од нивната покуќнина“.[1]

Секако, едно е да ја сакаме својата земја и да ги поддржуваме нејзините водачи, а сосема друго од нив да направиме идоли. Сепак, полесно ни е така да работиме и затоа, како човечки суштества, сакаме да обожаваме нешто, *што било* – па дури и моќта на големите политички системи над нас. Меѓутоа, она што ваквиот вид на идолопоклонство го прави толку застрашувачки, е што тој често е суптилен (ни најмалку не наликува на прекумерното лудило во Северна Кореја); тоа значи дека луѓето можат да ги обожаваат овие системи а да не бидат ни свесни за тоа.

Ова обожавање на моќта на самиот систем најјасно се покажува во начинот на кој овие системи можат да ги наведат луѓето да прават работи кои инаку никогаш не би ги правеле. На крајот на краиштата, кој воопшто би почнал да собира информации за работите кои „обичните“ луѓе ги направиле во името на својата земја? Крвавите страници на светската историја покажуваат кон што води обожавањето на земјата.

Во текот на 1960-те години, Стенли Милгрем, професор на Универзитетот Јеил, спровел едно од најпознатите и највознемирувачки истражувања околу моќта на човечкиот авторитет да изигрува Бог. Овој професор од Јеил објавил оглас во весниците и на тој начин собрал волонтери од улица. Потоа ги поставил во соба со низа од преклучувачи кои имале можност да го зголемуваат степенот на волтажа по 15 волти, почнувајќи од 30 па нагоре, сè до 450 волти. Во другата соба на столицата бил врзан некој кој требало да прима електрошокови кога во првата соба ќе се притисне одреден приклучник. На учесниците им било кажано на личноста во другата соба да ѝ поставaт прашање и, ако погрешно одговори на прашањето, тој или таа треба да ја вклучат струјата на одреден напон.

Но всушност, тој стол не бил приклучен за струја, зашто личноста што седела таму била дел од Милгремовиот тим. Меѓутоа, учесниците не го знаеле тоа и тие мислеле дека лелеците, вресkaњето и повикот за милост се реални. На крајот, и покрај пекањето и лелекот, запрепастувачки 65% од учесниците на Милгремовата студија, на луѓето што седеле на тој стол им задале најголеми електрошокови. И иако многу од учесниците крајно се лутеле на личноста која им ги задавала задачите - тие сепак го извршиле она што од нив се барало!

Тоа е силата на авторитетот! Ако обичните луѓе толку лесно подлегнуваат пред наредбите на човекот во лабораториски мантил, колку ли повеќе ќе им подлегнат на големите системи кои владеат со нив?

Мошне е интересно што во Библијата се наоѓа извештај за луѓе кои се потчинуваат на некој политички систем, па дури и го обожаваат, што претставува приказна која, на свој начин, ќе се повтори во светски обем кога борбата меѓу Христа и сатаната ќе го достигне врвот во последните денови.

*...едно е да ја сакаме својата земја и да ги поддржуваме нејзините водачи, а сосема друго од нив да направиме идоли.*

Книгата на пророкот Даниел, во третата глава, зборува за Вавилон, грандиозно политичко и верско царство кое доминирало со поголемиот дел на познатиот стар свет. Владетелот, царот Навуходоносор, подигнал златна статуа со својот лик, како симбол за таа империја (Даниел 2,38), и барал секој да се поклони и да го обожава тој лик. „Во часот кога ќе ги чуете звуците на рогот, на кавалот, на харфата, на китарата, на псалтирот, на гајдата и на секакви други свиралки, паднете на земјата *и поклонете ѝ се на златната статуа* што ја подигна царот Навуходоносор“ (Даниел 3,5). Уште

**СИНДРОМ НА ОБОЖАВАЊЕ НА СЛАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ**

СТАТИСТИКА

Џон Малтаби, професор на Универзитетот во Лестер, го истражувал т.н. „синдром на обожавање на славните личности“ и заклучил дека секоја десетта личност покажува толкав интерес кон некоја славна личност што тоа ја доведува до депресија и анксиозност.

„Околу 8% од луѓето емоционално силно се врзуваат за некоја славна личност, зашто веруваат дека во неа пронашле сродна душа“, вели тој. „Секој стоти човек покажува состојба која се граничи со патолошкото, и преминува во халуциногено. Двете состојби ги карактеризира повлеченост, невроза и промена на расположението.

Доколку сметате дека не припаѓате на ниту една група, размислете уште еднаш: една петина од луѓето ги следат славните личност заради „забавни“ и друштвени причини.

Иако оваа поврзаност може да биде здрава, таа може да доведе и до еротоманија – тогаш на човекот му се причинува дека славната личност е всушност тајно вљубена во него.

www.metro.co.uk/lifestyle/10483-in-love-with-celebrity

*Наша единствена надеж, наш единствен излез е да го направиме истото што го направил и Исус, и покрај тоа што човекот во лабораториски мантил врши голем притисок на нас.*

полошо е што секој оној што немало да се поклони на статуата, на тој државен симбол, требало да биде погубен; бидејќи преку чинот на обожавање секој морал да покаже целосна преданост, а тоа значело дека нивниот „бог“ е, всушност, државата.

Во оваа сторија тројца еврејски заробеници одбиле да се поклонат пред таа статуа (прочитајте ја цела оваа глава за да видите како ја избегнале казната).

Она што е значајно за нас е дека книгата Откровение, која зборува за настаните на последното време, ја употребува токму оваа слика за да го опише настанокот на нешто слично: масовен политички и верски систем, во Откровението симболички прикажан со моќен ѕвер, кој од луѓето бара поклонување и обожавање кое му припаѓа само на Бога.

Откровението тоа го опишува вака: „И му се даде да завојува против светите и да ги победи, и му се даде власт над секое племе и јазик и народност. И ќе му се поклонат сите кои живеат на земјата, чии имиња не се запишани во Книгата на животот на Јагнето, заклано од создавањето на светот“ (Откровение 13,7-8).

Тоа исто така и предупредува: „И видов друг ѕвер како излегува од земјата, и имаше два рога, како кај јагне, а зборуваше како змев. И тој ја вршеше власта на првиот ѕвер, пред него, и направи земјата и нејзините жители да му се поклонуваат на првиот ѕвер... И му беше дадено да вдахне дух во ликот на ѕверот, така што ликот на ѕверот да прозборува и да *направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат на ликот на ѕверот*“ (Откровение 13,11-12.15).

Во времето на Исус, верските водачи сами по себе немале моќ да го прогонат Исуса или неговите следбеници. Ним им била потребна моќта на државата. Според овие текстови, нешто слично ќе се случи во конечната битка меѓу Христа и сатаната: политичките и верските фактори ќе се обединат во масовен и расипан општествен систем кој, во основа, ќе го водат оние кои на крај ќе го обожаваат самиот систем и ќе го прават злото кое тој ќе го бара од нив.

Наспроти тоа, Библијата опишува една група Божји верни следбеници. Веднаш по предупредувањето за оние кои го обожаваат ѕверот или неговиот лик, текстот вели: „Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Тие му остануваат верни на Исуса, бидејќи се послушни на Божјите заповеди - а една од тие заповеди зборува против обожавање на што било друго, освен Бога. „Немој да имаш други Богови освен мене“ (2. Мојсеева 20,3).

Од почетокот на оваа голема борба сатаната копнеел тој да биде бог, него да го обожаваат. Затоа денес тој користи сè, па дури и големите современи политички системи, за да ги одврати луѓето да не го обожаваат Бога туку што и да е друго, било да се работи за Европската унија, Соединетите Американски Држави, Русија, Кина или некој друг систем кој има голема моќ, а со самото тоа и потенцијал да биде обожаван, односно да го заземе Божјото место во животот на своите жители.

Евангелието зборува за времето кога ѓаволот ќе го одведе Исуса во пустината да му ја покаже сета слава и моќ на светските царства, и притоа ќе му понуди: „Ќе Ти го дадам сè ова **ако паднеш и ми се поклониш**“ (Матеј 4,9). Исус одговорил: „Оди си сатано, зашто е напишано: **На Господа твојот Бог ќе му се поклонуваш и ќе му служиш само нему**“ (Матеј 4,10).

Наша единствена надеж, наш единствен излез е да постапиме како што постапил Исус, колку и да е голем притисокот што го врши над нас човекот во лабораториски мантил.

[1]*Harper's Magazine*, август 2004., стр. 14.



# ШТО ПО **СМРТТА?**

*Што и да нуди овој расипан свет, тој не нуди решение за најголемиот животен предизвик, а тоа е смртта. Да се родиш значи порано или подоцна да умреш.*

Филмот *Шесто сетило* на авторот М. Најт Шајмалан, кој се потпира на човечкиот страв и на фасцинираноста од смртта и од она што се случува по смртта, во 1999 година станал меѓународен феномен. Може ли оној што го гледал филмот да ги заборави зборовите на момчето: „Гледам мртви луѓе!“

Несомнено е дека луѓето, откако постои човештвото, се соочувале со реалноста на смртта. Никој не може да побегне од тоа. Без оглед на тоа кои сме, колку пари имаме, кои биле нашите родители (или не), нема разлика. На крајот на краиштата, да се сетиме на Стив Џобс, починатиот главен менаџер на „Епл“. Тој имал сè што можел светот да му понуди - *и токму тука лежи проблемот*. Што и да нуди овој расипан свет, тој не нуди решение за најголемиот животен предизвик - смртта. Да се родиш значи порано или подоцна да умреш.

Исто како што покажало *Шесто сетило*, многумина веруваат дека смртта навистина



© www.bigstockphoto.com/forestpath

е само еден чекор во друга реалност, дека луѓето имаат бесмртна душа, дека душата при смртта се ослободува и преминува во нова животна фаза. Дури и многу христијани веруваат слично: кога човек ќе умре, душата веднаш оди или во блаженство на небото или на мачење во пеколот.

Во што е тука проблемот? Ваквото гледиште е спротивно на она што го пишува Библијата. Уште полошо е што тоа луѓето ги насочува кон сатанските измами. Навистина, ова верување дека смртта веднаш води во друга форма на свесно постоење, претставува едно од најголемите и најефикасни лаги на ѓаволот и, само ако ја знаеме вистината за смртта, ние можеме да ја избегнеме оваа смртоносна духовна измама.

Како?

Во христијанскиот свет постојат две главни гледишта во врска со смртта. Според едното, веднаш откако ќе умрат, мртвите одат или на Небото или во пеколот, а според другото гледиште мртвите во гробот не се во свесна состојба сè до воскресението кое ќе се случи при второто Христово доаѓање.

Кое гледиште е правилно? Со оглед на тоа дека смртта и воскресението на мртвите се клучни прашања во Библијата, а Библијата во Европа е присутна околу 2000 години, таа дури и денес е најдобриот авторитет во поглед на состојбата на мртвите. Современата наука не може да ја истражи состојбата на мртвите, бидејќи тоа не е нешто што може да се провери. Кон тоа може да се пристапи само хипотетички, засновано на заклучоци или на духовни согледувања. Ако Бог е тој што дава живот и ако Тој зборува во Библијата, тогаш одговорите треба да ги побараме токму тука, во Библијата. Што кажува таа за мртвите: дали тие веднаш ја добиваат својата награда (или казна) по смртта, или спијат и несвесни се сè до воскресението?

За почеток, еве како Исус зборува за мртвите:

**„Не чудете се на тоа, зашто доаѓа час во кој сите, кои се во гробовите, ќе го чујат неговиот глас и ќе излезат од нив, кои правеле добро, ќе воскреснат за живот; а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јован 5,28.29).**

Дали овие зборови упатуваат на заклучокот дека мртвите веднаш отишле по својата награда или казна? Или тука кажува дека тие спијат во гробовите чекајќи ја пресудата? Секако, звучи како второто (прочитајте повторно Јован 5,28.29).

А што правиме со следниот текст? **„Тогаш ќе се разбудат мнозина кои спиеја во земниот прав; едни за вечен живот а други за срам и вечен презир“ (Даниел 12,2).**

Уште еднаш, ако мртвите веќе ја примиле својата награда или казна веднаш штом умреле, за што тогаш зборува Даниел 12,2?

Како одговор на оние кои го негирале воскресението на мртвите, Павле напишал:

**„А ако Христос не воскресна, суетна е вашата вера; вие сте уште во вашите гревови. Тогаш и оние, кои умреле во Христа, загинале“ (1. Коринќаните 15,17.18).**

Кога во изминатите векови праведниците би оделе на небото веднаш во мигот на смртта, како би можел Павле да каже дека, ако нема воскресение, тогаш и „оние кои умреле во Христа, загинале?“ Во тој случај воопшто не би било потребно воскресение. Или, како можат оние кои умреле во Христа и „спијат во земниот прав“, уште сега да се на небото со Него и да уживаат во небесните блаженства? Меѓутоа, ако мртвите спијат, несвесни во гробот, тогаш овој текст има совршена смисла, бидејќи значи дека


© www.bigstockphoto.com/nagib



мртвите во гробот остануваат таму сè до моментот на нивното воскресение.

Што значат следниве текстови за мртвите, доколку починатите се навистина веќе на Небото или во пеколот?

**„Ако излезе духот од него, тој се враќа во својата земја, и во тој ден пропаѓаат сите негови мисли“ (Псалм 146, 4).**

**„Не, мртвите не го фалат Господа, никој од оние, што слегоа во тишина“ (Псалм 115,17).**

**„Живите барем знаат дека ќе умрат, а мртвите не знаат ништо, ниту имаат веќе награда, зашто се заборава и споменот за нив“ (Проповедник 9,5).**

Значи, се чини дека Библијата повеќе од јасно зборува за мртвите: тие се во несвесна состојба сè до воскресението. А нивната надеж дека еден ден ќе воскреснат, се темели на реалноста на Исусовото воскресение!

Но што правиме тогаш со искуствата блиски до смртта, во која луѓето умираат, се враќаат во живот и раскажуваат неверојатни работи за свесниот живот по смртта? Што да правиме со таквите случувања кои биле проучувани во лаборатории од мнозина научници?

За почеток инсистираме на големо внимание. Тие искуства не се туку-така наречени искуства *блиски до* смртта. Тие се само *блиски*, а да се биде близу до нешто, не е исто како и да бидеш *во* тоа. Да бидеш ‘блиску’ до смртта, не е исто како и да се биде мртов, како што ни да се биде блиску до раѓање не значи да бидеш роден. Никој од тие луѓе, кои доживеале искуства на граница на смртта, не биле целосно мртви во состојбата на мртовечка вкочанетост; затоа е потребно да бидеме внимателни со заклучоците што ги донесуваме од овие искуства, за тоа што е смртта.

Второ, кога вие би биле ѓаволот, со натприродна моќ и со желба луѓето да *не* веруваат во Исуса, на кој подобар начин би го постигнале тоа освен да им дадете искуства по смртта кои немаат ништо заедничко со Исуса? Навистина, мнозина кои минале низ такви искуства зборуваат за средба со светлосно суштество или суштества, за кои тие мислат дека се покојници или ангели, па дури и самиот Бог. Но сепак, во многу случаи овие личности речиси никогаш не им зборуваат за библиските верувања. Наместо тоа, тие им соопштуваат утешни изјави за љубов, мир и добрина, но никогаш за тоа дека човекот е грешен, дека му е потребно откупување со Христовата крв или дека доаѓа судот. Би требало да се очекува верниците кои го запознале претвкусот на христијанскиот живот по смртта, таму да слушнале и некои христијански учења. Не е ни чудо што повеќето од оние кои доживеале вакви искуства, по таквата смрт, се оддалечиле од христијанството. Тоа е моќна измама која мнозина може да ги наведе да мислат дека Христос не им е потребен, а ни планот на спасение, бидејќи во нив постои нешто бесмртно што ќе живее засекогаш, без оглед на тоа во што веруваат или како живеат.

Несомнено е дека смртта е реална, смртта е моќна. Но, благодарение на Исуса, нејзиниот збор не мора да биде последен. Не, бидејќи Исус со својата жртва а потоа и со воскресението, секому кој верува во него, му ветува можност да учествува во вечниот живот кој Тој му го нуди на целиот свет.

Во книгата Откровение Тој рече: **„И ете, доаѓам скоро, и наградата моја е со мене, за да му дадам секому според неговото дело!“ (Откровение 22,12)**

Тој ја носи платата со себе? Уште еднаш, како е возможно ова да го поврземе со идејата дека верникот кој ќе умре ја добива својата награда веднаш по смртта, одејќи на Небото? Но, тоа не се случува. Библијата учи дека мртвите спијат, дека несвесни лежат во своите гробови.

Но, поради Исуса, „смртта ќе биде уништена како последен непријател“ (1. Коринќаните 15,26), а тоа значи дека, кога Христос ќе се врати „во еден миг, во миг на окото, при гласот на последната труба: имено трубата ќе затруби и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме,зашто треба ова распадливото да се облече во нераспадливо; и ова смртното да се облече во бесмртност. А кога, ова, распадливото ќе се облече во нераспадливост; и, ова, смртното ќе се облече во бесмртност, тогаш ќе се збидне напишаното слово: ’Победата ја проголта смртта‘“ (1. Коринќаните 15,52-54).

Каков излез!

А до тогаш, колку е важно да не подлегнеме на една од најрасипаните сатански лаги!



© www.istockphoto.com/diane39

Среде

# РАСИПАНОСТА

*Злото, расипаноста и насилството кое го откриваме во нас претставуваат одраз на сатанскиот а не на Божјиот карактер.*

Кажано е дека постои христијанско учење кое не мора да се прифати со вера – а тоа е учењето дека луѓето се грешни.

Погледнете околу себе. Зошто криминалот, насилството, алчноста и експлоатацијата се раширени денес како што биле и во секој друг период од историјата? Зошто сиот технолошки напредок *не* го следи морален напредок? Зошто нашите сложени направи и изуми ни дале нови и попогодни начини за изразување на нашата расипаност? Така, киднаперите на деца кои го употребуваат интернетот за да дојдат до нови жртви, како и беспилотните летала чија задача е да ги елиминираат непријателските војници, покажуваат дека нашиот морален развој заостанува зад технолошкиот напредок.

Зошто луѓето се толку расипани? Зошто сме вакви, особено што ние, според Светото писмо, сме суштества создадени според „Божјиот лик“ (1. Мојсеева 1,27)? Ние сме такви, бидејќи тој лик е отстранет. Наместо тоа, злото, расипаноста и насилството кое го откриваме во нас, претставуваат одраз на сатанскиот а не на Божјиот карактер.

Дали сме тогаш едноставно препуштени на оваа расипаност? Дали е ова единствениот пат или постои и излез од тоа, можност за бегство? Ако постои, каде да бегаме, каде е тој излез и како можеме да го најдеме?

Дали имаме некаква надеж или едноставно сме препуштени да живееме среде расипаноста која постои во светот?





© www.bigstockphoto.com/olly2

## ЗЕМИ ГИ ПАРИТЕ *И БЕГАЈ*

*Додека нечесни луѓе во претпријатијата крадат пари и бегаат, неброено мноштво во светот се бори со сиромаштво, недостиг на храна и кров над глава.*

Во филмот *Волстрит* на Оливер Стоун од 1987, Мајкл Даглас го игра банкарот Гордон Геко, чија немилосрдност и глад за пари ќе го одведат в затвор заради измама и нечесна трговија. Една од незаборавните изјави која симболично ја прикажува лакомоста на тој лик, гласи: „Ручекот е за слабаци“, а другата: „Ако сакаш пријател, набави си куче“.

Иако Геко бил само измислен лик (во одредена мера заснован на Иван Боески, брокерот од Волстрит, чие богатство вреди 200 милиони долари, и кој е уапсен во 1986 година поради нечесно тргување), факт е дека она што тој го правел било малку во споредба со нечуената неспособност, лакомост, а можеби и криминал кој ја предизвикал големата рецесија, која на милиони луѓе во светот им донела губиток на работата или домот или (во некои случаи) сè заедно. За тоа што го сториле, овие луѓе сепак биле платени со милиони долари.

Еден од најозлогласените меѓу овие измамници бил Ангело Мозило од „Кантривајт Фајненшал“, најголемиот заемодавец на ризични позајмици во Америка. Иако малверзациите на оваа компанија им го одзеле домот на милиони Американци и направиле да падне најголемата светска економија - што се случило со Мозило? Освен што му е забрането да работи како службеник во која било државна фирма, морал да плати казна во висина од 67,5 милиони долари. Тоа звучи сурово, но во времето кога бил истеран од својата фирма, вредноста на Мозиловиот имот изнесувала околу *800 милиони долари*. Што е уште полошо, тој не поминал ниту еден ден во затвор (Филмскиот Геко,

кој направил многу помала штета, добил дваесет години!).

Кој не се сеќава на генералниот менаџер на „Бритиш Петролеум“, Тони Хејвард, кој рекол дека сака да му го „вратат животот“ откако милиони литри нафта се излеале во мексиканскиот залив, уништувајќи ја животната средина на стотици илјади луѓе и околу 26000 км од брегот? Во замена за својата мака, Хејвард добил 16,8 милиони долари отпремнина (а тоа е малку во споредба со отказната отпремнина на Стен О'Нил, генералниот менаџер на фирмата „Мерил Линч“, која изнесувала 160 милиони долари, откако тој својата компанија ја довел до катастрофалната хипотекарска пропаст во 2007–2008, пропаст која милиони луѓе ги оставила без дом или работа).

Во скандалот со „ЛИБОР“[i] од 2012 година, во кој банката „Баркли“ нечесно манипулирала со каматните стапки за да ѝ обезбеди огромен профит на банката на сметка на другите (поттикнувајќи го рушењето на светската економија), генералниот директор на „Баркли“, Боб Дајамонд, ја запрепастил јавноста кога решил да бара 20 милиони фунти отпремнина; меѓутоа, покрај личниот имот проценет на околу 160 милиони долари, Дајамонд можел да поднесе и тоа да не го добие.

Секако, повеќето луѓе не се изненадени што големите шефови на овие големи банки и корпорации се лакоми. Но, луѓето ги шокира *во колкава мера* овие луѓе, особено оние од пропаднатите компании, сè уште се платени, и покрај ужасната штета што ја предизвикале.

Додека нечесни луѓе во претпријатијата крадат пари и бегаат, неброено мноштво во светот се бори со сиромаштво, недостиг на храна и кров над глава.. Иако овие бројки се нестабилни, 1% од популацијата во своја сопственост има 40% од богатствата на светот; тоа значи дека едно лице на секој стоти човек го има речиси половина од сето богатство на другите! Освен тоа, ако сегашниот тренд продолжи, тоа едно лице, со текот на времето, ќе се збогатува уште повеќе.

Оваа нееднаквост се изразува на различни начини. Еве некои примери.



© www.istockphoto.com/Wicki58

Луѓето ќе платат 168000 долари за шише вино „2004 блок 42“ на австралискиот производувач на вино Пенфолд, иако стотици милиони луѓе се принудени да пијат вода од нечисти извори.

Еден стан во Лондон, во близина на Хајд паркот, вреди 123 милиони фунти, (што е евтино во споредба со куќа во Мумбаи која вреди милијарда долари ) додека, според една проценка, околу 100 милиони луѓе ширум светот немаат кров над главата.

Богатите ќе потрошат 30000 долари за оброк од десет различни јадења (кој ја вклучува и тартарската говедска шницла од Кобе, со царскиот „Белуга“ кавијар, белонските остриги и Осо буко со јастог) во познатиот „Доум“ ресторан во Бангкок, додека секој седми човек (околу милијарда луѓе) не знае како ќе го набави својот следен оброк.

Не е чудо што Библијата се спротивставува на економската неправда. Во старозаветната 5. Книга Мојсеева, на Израелците им е речено: „Не оставај го без награда бедниот и сиромавиот од твоите браќа или од придојдените, кои се во градовите твои. Секој ден давај му ја заработката пред зајдисонце, зашто е беден и воздивнува по неа“ (5. Мојсеева 24,14.15). Во Новиот завет, во книгата на Јаков, постои повикот: „Еве, платата на работниците, кои ги ожнија вашите ниви, што вие им ја

*„Зашто го продаваа праведникот за пари и бедниот за неколку рала обувки. Газат, газат по главата на сиромавите како по прашина, и им ја закинуваат правдата на угнетените“*

*(Амос 2,6.7; според англискиот превод New International Version).*

скусивте, вика, и извиците на жетварите дојдоа до ушите на Господ над Силите. Вие живеевте на земјата раскошно и разуздано; ги потхранивте своите срца, како за денот на клање“ (Јаков 5,4.5).

И на други места Библијата силно зборува против тоа богатите да ги експлоатираат сиромашните: „...зашто го продаваа праведникот за сребро и бедниот за лесни обувки; зашто газат по главата на сиромавиот, и бедните ги водат на зло“ (Амос 2,6.7).

„Тешко им на оние што издаваат неправедни закони, кои пишуваат жестоки решенија; кои им ја скратуваат правдата на бедните..., за да ги ограбат вдовиците, за да ги опљачкаат сиромашните!“ (Исаија 10,1-2).

„А и на твоите раце се наоѓа крвта на невините сиромаси“ (Еремија 2,34).

Интересно е што и во нашите кризни времиња, кога работата, куќата, животната заштеда и пензијата се во опасност, Библијата вели дека финансиите ќе играат голема улога во завршните сцени на големата борба меѓу Христа и сатаната, а книгата Откровение предупредува на економски бојкот кон оние кои нема да сакаат да ги извршат наредбите на верско-политичката сила која ќе владее со светот во последното време.

„И направи сите - мали и големи, богати и сиромашни, слободни и робови - да им се даде ознака на десната рака или на челото, и никој да не може ниту да купи ниту да продаде, освен оној, кој има ознака: името на ѕверот или бројот на неговото име“ (Откровение 13,16.17).

Забележете дека луѓето се присилени, натерани да го добијат тој печат. Всушност, во Откровението пишува дека тие сили ќе ги натераат луѓето и на погрешно обожавање: „И му беше дадено да вдахне дух во ликот на ѕверот така што ликот на ѕверот да прозборува, и да направи да бидат убиени оние, кои нема да се поклонат на ликот на ѕверот“ (Откровение 13,15).

Како што видовме, само Господ Бог е достоен да биде обожаван, дури и кога сатаната вредно работи на тоа да ги наведе луѓето да обожаваат сè и сешто, *само не Господа*. А во последните денови, тој ќе ја употреби силата на државата за да ги принуди луѓето на такво обожавање, меѓу останатото, и преку финансиите.

Библијата никогаш не зборува против богатството, туку само против лакомоста и угнетувањето на сиромашните од страна на богатите. Апостол Павле рекол дека „коренот на сите зла е среброљубието“ (1. Тимотеј 6,10). Тоа е вистина – љубовта кон парите во голема мера може да го изопачи човекот. Исус дури и ги предупредил луѓето за „измамливоста на богатството“ (Матеј 13,22). Затоа Библијата постојано ни зборува да ги избегнеме тие стапици, да не му дозволиме на светот да нè обземе со својата привлечност и примамливост, кои, на крајот, водат само во пропаст и губиток.

Исус ни нуди излез, ни нуди нешто трајно, нешто што целосно ќе ги задоволи нашите потреби, како ништо друго на светот. Затоа ни е речено:

„О сите вие, кои сте жедни, дојдете при водите; ако и немате сребреници, дојдете, купете и јадете. Да, дојдете, купете вино и млеко, без сребреници и без плаќање! Зошто да ги трошите сребрениците за она што не е леб, и својата надница за она што не сити? Послушајте ме мене, и ќе јадете добро, и ќе уживате во сочни јадења“ (Исаија 55,1-2).

Самите треба да провериме што ни нуди Тој.

[i]ЛИБОР е кратенка за „лондонска меѓубанкарска стапка“. – заб. прев.



© www.bigstockphoto.com/NinaMalyna

# Морален тероризам

*Според извештаите на Обединетите нации, околу 2,5 милиони луѓе се вклучени во трговија со луѓе.*

Дали се сеќавате на Јозеф Фрицл? Г-н Фрицл се појавил на главните вести пред неколку години кога било откриено дека својата ќерка ја држел дваесет и четири години во заробеништво, во подрумот на нивната куќа во Австрија. Како тоа да не било доволно лошо, тој постојано ја силувал и станал татко на седум деца кои никогаш не ја виделе светлината на денот сѐ додека сите конечно не биле ослободени!

Иако звучи како хорор филм, тоа не е измислица: тоа навистина се случило. Откако било објавено на сите вести во светот, не се чуле изјави како овие: *Што ни дава за право морално да го осудиме она што го направил? Тој има право да живее според свој избор, а кои сме ние да му судиме? Зошто мораме нашите морални ставови да му ги наметнуваме на Јозеф Фрицл?*

Во својата неодамна објавена книга „Водич на атеистите низ реалноста“, Алекс Розенберг, кој верува дека животот не е ништо друго туку случајно движење на субатомски честички, тврди дека моралноста е илузија и дека таа не постои. „Која е разликата меѓу правилното и погрешното, доброто и лошото?“ прашал тој. „Меѓу нив не постои морална разлика“.[1]

Зар нема разлика меѓу доброто и лошото, правилното и погрешното? Тогаш нема разлика ни меѓу она што Јозеф Фрицл ѝ го правел на својата ќерка и на личноста која им помага на децата да се ослободат од сексуалната злоупотреба?

Она што ја докажува општата одвратност кон Јозеф Фрицл, е дека, без оглед на тоа колку филозофите и учените луѓе сакаат да ни зборуваат за моралот како релативна работа, дека претставува чисто културна категорија и дека моралот не се разликува од музичкиот или уметничкиот вкус, (субјективното и логичното) – факт е дека никој не живее така и никој *не сака* да живее така. Ниту едно општество не би преживеало кога луѓето би живееле со таков морален релативизам.

Еден атеист и еден христијанин дискутирале за моралноста и притоа христијанинот тврдел дека Бог ги создал моралните вредности, а атеистот - дека тие се само човечки изум кој настанува врз основа на личните чувства, културата и општествената заедница. Во таа смисла, продолжил атеистот, никој не би можел да го оправда тврдењето дека едно морално гледиште е посилно од друго; сите тие се релативни. А христијанинот одговорил: „Добар господине, во некои општества луѓето ги сакаат своите ближни, во други ги јадат, а сето тоа е засновано на морален кодекс. Кој ви се допаѓа повеќе?“

Погледнете го следново:

Секоја година милиони жени доживуваат силување, било во војна, во трговија со бело робје или од страна на своите „интимни партнери“.

Според ОН, проценето е дека 2,5 милиони луѓе се принудени на трговија со луѓе.

Проценките покажуваат дека меѓу нив има 1,2 милиони деца кои главно се присилени на секс.

Иако е тешко да се дојде до вистинските бројки, небројено многу деца се фотографираат, а тие слики се злоупотребуваат за детска порнографија.

Секој ден има убиства на над 1400 луѓе во целиот свет.

Дали сега Алекс Розенберг, на која било од овие жртви или членови на нивните семејства, ќе каже дека она што им се случило впрочем и не е толку страшно? Човекот многу полесно и побрзо го формира својот морален став за тоа што е црно а што бело кога такво нешто му се случува нему, отколку кога тоа останува само апстрактно филозофско размислување. Факт е дека доброто и злото, правилното и погрешното постојат, и сите, а особено оние кои биле жртви на злото, тоа добро го знаат.

Во сите светски весници беше објавена приказната за седумгодишното девојче од Камбоџа, кое неговата мајка (*неговата мајка!*) го продала на јавна куќа во Пном Пен да работи како сексуална робинка. Таа таму била затворена во кафез, групно силувана, мачена, а потоа присилувана да има секс со повеќе од дваесет мажи дневно. Силувањето продолжило сѐ додека таа конечно не успеала да побегне. Зар ова не е зло кое го надминува секое гледиште за правилното и погрешното, било да се работи за културниот, општествениот или филозофскиот пристап? Се разбира дека е зло!

Млада муслиманка, мајка на дете кое тукушто проодело, е убиена во Берлин, како една од многуте муслиманки која ја убил некој од блиските роднини, маж, во име на „честа“.

„Во последните четири месеци“, пишувало во германските весници, „шест муслиманки кои живееле во Берлин, биле брутално убиени од членови на нивните семејства. Нивното злосторство? Обид да се ослободат од стегите и да живеат според западниот начин на живот. Во рамките на нивната заедница, тие убијци се почитувани како херои кои го штитат достоинството на своите семејства. Како е можно толку ужасна и шокантно архаична пракса да цвета во срцето на Европа?“[2]

„Ужасна и шокантно архаична пракса“? Како се осмелува авторот да им ги наметне своите морални гледишта на другите? Ако моралот, како и уметноста и музиката, претставува само човечки изум, како овие убиства заради „чест“, својствени за една култура, можат да се сметаат како злосторства во друга култура? Кој има право да суди за нешто што во друга култура

се смета за морално, па дури и чесно? Ако моралот го создаваат луѓето, тогаш „убиството поради чест“ или канибализмот да се наречат злосторство, е исто како да се смета за злосторство ако некој повеќе сака оброк со морски плодови отколку хамбургер.

Факт е дека некои работи се недвосмислено зли, неморални, погрешни, без оглед што кажуваат културата или општеството. А клучот за препознавање на злото и реалноста на злото и неморалот, е збор кој многу луѓе не сакаат да го слушнат, барем додека и самите не станат жртви на оние кои го кршат, а тој збор е „законот“ .

Законот, оние Десет *старовремски, застарени, обезвреднети* заповеди? Тој вид на закон?

Токму така!

Прашајте го детето чиешто семејство е уништено бидејќи неговата мајка или татко ја прекршиле заповедта „Не прељубодејствувај“ (2. Мојсеева 20,14). Дали тој закон се смета за старовремски, застарен и обезвреднет? (Според еден извештај, околу 37% од Американците им се неверни на своите жени, додека 29% од жените им се неверни на своите мажи; во меѓувреме, три од пет американски деца во 1986 година живеат со еден родител до својата осумнаесетта година).[3]

Прашајте ја личноста чиишто животни заштеди и пензиски фонд се збришани во последната економска криза, дали мисли дека заповедта „Не кради“ (2. Мојсеева 20,14) е старовремска, застарена и обезвреднета.

Прашајте ги мајката или таткото на некоја од жртвите на Андерс Брејвик, дали заповедта „Не убиј“ (2. Мојсеева 20,13) е старовременска, застарена и обезвреднета?

Независно од тоа дали луѓето го признаваат Божјиот морален закон, Десетте заповеди, или не, сепак тој претставува универзална мерка за она што е добро а што лошо, правилно или погрешно, и доволно е човек само да се најде на страната на жртвата на оној што прекршил некоја од овие заповеди, за да може да сфати колку се тие и денеска значајни. Тие на многу начини претставуваат врвно отелотворување на љубовта - љубовта кон Бога и љубовта кон другите.

Погледнете го околу себе она што го сметаме за погрешно, сета таа неморалност, неправдите и страдањата, и во срцевината на сето тоа ќе согледате дека се кршат принципите на Десетте заповеди. А тоа кршење во Библијата се препознава како грев: „Секој кој врши грев, врши и беззаконие; и гревот е беззаконие“ (1. Јованово 3,4).

Несомнено е дека, кога Исус бил на оваа Земја, Тој не само што ги издигал

*Христос знае дека нашите болести и страдања толку често настанувале поради кршење на Неговиот закон и затоа Тој сака уште сега да ни даде сила повеќе да не му робуваме на гревот и да не го престапуваме Неговиот закон.*

принципите на Законот туку и ги продлабочил. „Сте чуле дека им било речено на старите: ‘Не прави прељуба!’ А Јас ви велам дека секој, кој гледа на жена со желба, веќе извршил прељуба со неа во своето срце“ (Матеј 5,27.28).

Да, токму затоа што Исус знае дека нашите болести и страдања толку често настанувале поради кршење на Неговиот закон, Тој сака уште сега да ни даде сила да побегнеме од гревот кој нè зграпчил и кој претставува кршење на Неговиот закон. Тој ни ветува излез и бегство од тоа, сега и за цела вечност „...преку познавањето на Оној, кој нè повика преку својата сопствена слава и добродетел, со што ни се подарени скапоцени и најголеми ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, откако ѝ избегавте на расипаноста, која е во светот“ (2. Петрово 1,4), особено кога тие желби често се себични и само за себе.

Секој оној што бил жртва на злото (а тоа сме сите ние) знае дека ова е реалност; за среќа, Божјата сила и ветувањата што Тој ни ги дава како **излез и бегство од гревот,** се исто така реални.

[1]Rosenberg, Alex (26.9.2011), *The Atheist’s Guide to Reality: Enjoying Life without Illusions* (стр. 3). Norton. Kindle Edition.
[2]*Spiegel*, електронска верзија од 2 март 2005. (http://service.spiegel.de/cache/international/0,1518,344374,00.html)
[3]www.ucg.org/christian-living/societys-slide-sexual-immorality/



# ГЛАДНИ ЗА МОЌ

*__________загинале од бомбардирањата во___________ (пополнете ги празнините). Државните трупи во_________ масакрирале ______ цивили (пополнете ги празнините). Водачот на партијата во____________ поднел оставка поради скандал. Пополнете ги празнините.*

За крајот на студената војна се зборувало дека тоа е воедно и „крај на историјата“. По неколкудецениската студена војна меѓу Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави, завршила големата борба на моќта меѓу нациите и идеологијата, намалена е можноста за војна, а ширењето на западната либерална демократија можела да почне. Како што сите беа убедувани на самиот почеток на 21 век, светот требало да влезе во период на стабилен мир и напредок.

Секако, луѓето слично размислувале и на почетокот на дваесеттиот век. „...Ниту земјата, па дури ни Сонцето“, напишал Ханс Кониг за овие мигови на почетокот на векот, „не биле веќе во центарот на вселената, туку, како што Чарлс Кингсли, капеланот на кралицата Викторија, претходно напишал: ‘Железницата, Кунардовите прекуокеански бродови и електричниот телеграф... се некои од показателите дека, барем по некои прашања, сме во хармонија со вселената; дека силен дух дејствува меѓу нас... Бог создава и сè доведува во ред. Повеќе од кога било претходно, мажите и жените се чувствуваат добро на Земјата, контролирајќи ја својата судбина. Природните демони на минатото отстранети се со разумот и електричната струја, а човечките демони на новиот век и понатаму останале скриени’“.[1]

Па, ако поверувавте во ова, тогаш сигурно би поверувале и во (денес срамната) изјава на премиерот Невил Чемберлен: „Мирот за нашето време“, по средбата со Адолф Хитлер во Минхен 1938 година – една година пред почетокот на Втората светска војна!

Тажна е реалноста што таквите изјави во весниците толку лесно се појавуваат и денес, во дваесет и првиот век, како што се јавувале и во дваесеттиот век, предизвикувајќи го големиот судир на моќта меѓу нациите и политичките идеологии, што довело до двете најсилни и најразорни војни во човечката историја, војни кои конечно завршиле дури тогаш кога за првпат било употребено едно од најразорните оружја некогаш познати за човекот: атомската бомба.

© www.photoshopstar.com

Денес, кога сме нешто помалку од две децении во новиот век, борбата за моќта продолжува. Иако се смениле некои играчи и идеологии, оружјата се сега далеку поопасни. Пред речиси сто години, Алберт Ајнштајн предупредил дека „целиот наш толку прославуван технолошки напредок, како и цивилизацијата воопшто, може да се спореди со секира во рацете на патолошки криминалец“. Секира? Можеби е подобро да се каже нуклеарка во куфер? Патолошки криминалец? Можеби подобро е да се каже, на пример, фанатичен припадник на Ал Каеда?




Било да се работи за идеите на екстремистите да ги исфрлат Соединетите Американски Држави од Средниот Исток, или за обидите на Кинезите да доминираат со Истокот, или желбата на Русија да ја врати својата изгубена „слава“, или за решителните напори на Соединетите Американски Држави да ја одржат војната и економската превласт во областите од витално значење, или за други бескрајни политички и економски борби – нациите се и денес подеднакво гладни за моќ како и пред повеќе од 2300 години, кога Грчкото и Персиското царство се бореле за превласт над тогашниот свет.

Продажбата на оружје, на пример, покажува колку е голема гладта за моќ. Соединетите Американски Држави, најбогатата нација на светот, за наоружување троши повеќе отколку *следните десет најголеми потрошувачи заедно*. Според Стокхолмскиот меѓународен институт за мир, Обединетите нации само во 2011 година потрошиле 711 милијарди долари за одбрана, а тоа е повеќе од 40% проценти од целокупниот светски буџет за одбрана. Наспроти тоа, Кина, како втор најголем воен потрошувач, потрошила „само“ 143 милијарди, а Русија, како трета, 71 милијарда долари. Десетте најголеми потрошувачи во 2011 година заедно потрошиле неверојатни 1,29 трилиони долари на воени буџети, или 74% од целокупната светска потрошувачка заедно!

Зошто тие пари не се употребени за да се нахранат гладните, или на бездомниците да им се купи дом, или за борба против ХИВ вирусот, маларијата или ракот? Одговорот е дека луѓето се созданија гладни за моќ и кои, ако не мора самите да се бранат од оние кои сакаат со нив да завладеат, тогаш настојуваат да владеат над другите. А за да успеат во тоа, потребна им е моќ.

*Народите се и денес гладни за моќ како што биле во времето на древа Грција и Персија, кои пред повеќе од 2300 години со војни решавале кој ќе владее со стариот свет.*

Навистина, целокупната голема борба меѓу Христа и сатаната почнала со судир околу моќта, кога сатаната, создадено битие, се обидел да го узурпира местото и моќта на Создателот. „Како падна од небото Деницо (Светлоносецу), сине Зорин? Како ли си симнат на земјата ти, угнетувачу на народите? Зборуваше во своето срце: ‘Ќе се искачам на небесата, над Божјите ѕвезди ќе си издигнам престол за себе. На собирната гора ќе престолувам, на краен север. Ќе се искачам во облачните висини, ќе бидам еднаков со Севишниот“ ( Исаија 14,12-14). Оваа борба на моќ најпосле довела до војна на Небото, која сатаната, односно ѓаволот, ја изгубил. „И настана војна во небото; Михаило со своите ангели завојува против змевот. И змевот и неговите ангели завојуваа, но не устоија и не им се најде веќе место во небото. И беше исфрлен големиот змев, старата змија, наречена ѓавол и сатана, која го заведува целиот свет, беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него“ (Откровение12,7-9).

Спротивно на Исус, кој рекол дека треба да им бидеме „слуги на сите“ (Марко 9,35), човечкиот дух го следи „богот на овој свет“ (2. Коринќаните 4,4), сатаната, во постојаните обиди да доминира и сè да контролира, и таквиот дух довел до неопишано насилство и расипаност во сите векови.

Ова не нè чуди, бидејќи Откровението, последната книга на Библијата, зборува за моќните политички системи на крајот на времето, опишани во пророштвото како моќни ѕверови кои ја употребуваат религијата – што и понатаму се покажува како одлично сретство за контрола на народните маси (како поинаку водачите на Џихад доаѓаат до бескрајна поддршка кај народ подготвен самиот себеси да се крене во воздух) – за да му ја наметнат својата моќ на целиот свет. „И му се даде да завојува против светите и да ги победи, и му се даде власт над секое племе и народ и јазик и народност... И видов друг ѕвер, како излегува од земјата, и имаше два рога, како кај јагне, а зборуваше како змев. И тој ја вршеше власта на првиот ѕвер, пред него, и направи земјата и нејзините жители да му се поклонуваат на првиот ѕвер...“ (Откровение 13,7.11-12).

Меѓутоа, ова не е единствено место во Библијата каде што се спомнуваат симболите на големите ѕверови како моќни политички сили. Употребувајќи ги ѕверовите како симболи за да ја опише историјата на големите светски империи, Даниел 7 нè води низ времето, покажувајќи ги подемите и падовите на овие големи политички сили сè додека, конечно, сам Бог не го воспостави своето вечно царство кое ќе владее засекогаш. „Овие големи ѕверови, четири на број, означуваат дека четири цара ќе се издигнат од земјата. Потоа, светите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во век и веков“ (Даниел 7,17-18).

Со други зборови, Библијата ни укажува на големата надеж дека борбата за моќ, и насилството кое ја следи, ќе заврши, и дека Божјиот верен народ „ќе го прими“ царството „во век и веков“. Фактот дека тие го „примаат“ царството, покажува дека тоа не е она што самите за себе си го изградиле. Не, бидејќи сите царства кои луѓето ги изградиле, вклучувајќи ги и западните либерални демократии, се изградени на расипаност. Наместо тоа, ова царство е изградено на крвта на оној ист Исус кој еден ден ќе му каже на својот верен народ: „Дојдете, благословени од мојот Татко, и примете го во наследство Царството, кое ви е приготвено од создавањето на светот!“ (Матеј 25,34). Навистина, Христос ќе создаде царство, но не од овој свет.

[1]Konig, Hans, „Notes on the Twentieth Century“, *Atlantic Monthly*, септември 1997, стр. 90.


© www.bigstockphoto.com/kuzma

# НЕМА БОГ - НЕМА ПРАВДА!

*„Најверојатно нема Бог. Сега престанете да се грижите и уживајте во животот“.*

Атеистите во Лондон, предводени од Ричард Докинс, во својата кампања ја употребувале пораката која со големи букви била напишана на градските автобуси: „Веројатно нема Бог. Сега престанете да се грижите и уживајте во животот“.

Многу би можело да се каже како одговор на оваа порака. Една група луѓе, на пример, на црвениот лондонски автобус наречен „дабл-декер“, на линијата 125, го ставила следниот библиски стих: „Безумникот рече во своето срце: Нема Бог“. Друг одговор можел да биде прашањето: *Зошто воопшто некој да се грижи дали постои Бог? Односно, зошто воопшто некој би се грижел, доколку Бог навистина постои?*

Значи, ако луѓето вршат груби неправди, правејќи нешто за кое знаат дека не е исправно, нешто за кое совеста им зборува дека не е добро - тогаш таквите луѓе може да ги загрижи Божјото постоење, бидејќи можеби, само можеби, еден ден ќе мора да дадат одговор *пред Бога* за неправдата и за злото кое сега го прават!

Филозофот Имануел Кант рекол дека еден единствен појдовен став - „Бог е праведен“ – сам по себе може да биде доволен да се претпостави дека постои некој вид на живот по смртта. Зошто? Затоа што Божјата правда не се открива во овој живот, тоа е сигурно.

Кој повремено не се сопнува, кој повремено не пека во мака и очај над бескрајната неправда која изгледа дека е дел од човечкото постоење како и дишењето? Од предавство на нациите, на расите, на економските класи, на пријателите, па дури и на семејствата, каде сите војуваат едни против други, секоја страница на човечката историја, од почетокот до крајот, вклучувајќи ги и фуснотите, густо е исполнета со неправди кои не се поправени, со злосторства кои *никогаш* не се изведени пред лицето на правдата.

Еден дождлив ден пред неколку години, еден стар вдовец од Америка, Ентони Елиот, влегол во својата када и извршил самоубиство. Тој со жилет си ги пресекол вените. Зошто? „Ништо друго не ми преостана... “, напишал во својата проштална порака. „Мојата влада треба да служи и да заштити, но кого? Оние кои ги грабаат заштедите од пензионерите?“[1]

Елиот ја изгубил сета своја заштеда од 200000 долари на измама на која го наговорила една бесчувствителна банка, „Lincoln Savings and Loan“. Иако државната управа била загрижена за праксата на оваа банка, банката го вработила Ален Гринспен, кој со децении бил еден од најпочитуваните американски економисти, а токму тој ја убедил управата дека банката „Линколн“ е „финансиски силна“ и дека нема „никаков видлив ризик“. Но по кратко време Линколн пропаднал, повлекувајќи ја со себе животната заштеда на многу луѓе, вклучувајќи ја и онаа на Ентони Елиот.

Но, на Гринспен, во меѓувреме, во следните години му одело сосема добро, благодарам на прашањето!

Авторот Дејвид Берлински, за напредувањето на Нацистите, напишал: „Пред да се појави во нивната вознемирена фантазија каква било можност за одмазда на Советите, нацистичките трупи за истребување влегувале во селата и, присилувајќи ги претходно сами да си ги ископаат своите гробови, ги убивале жртвите со пушки. Во една таква ситуација, некаде во Источна Европа, еден СС офицер ја спуштил пушката додека немоќно набљудувал еден постар брадест хасидски Евреин како со напор го копа својот сопствен гроб.

Кога се исправил, старецот се обратил до својот крвник и му рекол: 'Бог гледа што правиш'.

А потоа бил убиен“.[2]

Кој знае што се случило со СС офицерот кој можеби убил стотици ако не и илјадници луѓе. Па дури и да загинал во некоја битка, па и да бил уапсен, осуден и казнет за своите злосторства, како може убивањето на еден човек, одговорен за смртта на стотици луѓе, да се нарече правда?




Каде е правдата за милиони Африканци кои низ вековите биле грабани од своите домови, товарени на бродови во услови несоодветни ни за свињи, однесени преку море и присилени да бидат робови?

Каде е правдата за милиони луѓе кои ги убил Сталин? Или Мао? Или Пол Пот?

Каде е правдата за Карлос Делун, погубен во Тексас во 1989 г. поради убиство за кое мнозина веруваат дека го направил друг човек кој повеќе пати го признал злосторството?

Каде е правдата за илјадници бебиња кои секоја година се раѓаат заразени со ХИВ вирусот?

Каде е правдата за оние кои живеат во картонски кутии додека некои ја градат својата трета куќа?

Каде е правдата за илјадниците присилени на ропска работа и проституција, вклучувајќи ги и децата?

Каде е правдата за милиони жени по целиот свет кои се малтретирани и злоупотребувани?

Каде е правдата за милионите измамени со лажните реклами или намамени на коцкање преку интернет?

Каде е правдата кога богатата десетина од населението во просек заработува околу девет пати повеќе во однос на десетината најсиромашни?

Каде е правдата за убените или осакатени деца-војници во војните во Африка?

Каде е правдата за невините цивили кои тие деца-војници ги убиле или ги осакатиле?

Каде е правдата за оние кои немаат свежа питка вода додека некои се опиваат со вино од шишиња вредни десет илјади долари?

Каде е правдата по која дури и карпите лелекаат?

Овде:

„Зашто сите скриени дела, било добри или зли, Бог ќе ги изведе на суд“ (Проповедник 12,14).

„Но Господ царува секогаш, го подготви својот престол за судење. И ќе му суди на целиот свет со правда, ќе ги осуди народите справедливо“ (Псалм 9,7-8).

„Мислиш ли, о човеку, кој им судиш на оние, кои прават такви работи, а истото го правиш, дека ќе го избегнеш Божјиот суд?“ (Римјаните 2,3).

„И ете, доаѓам скоро, и наградата моја е со мене, за да му дадам секому според неговото дело!“ (Откровение 22,12).

„А сегашните небеса и земјата со истото слово се запазени, и се чуваат за оган до денот на судот и погибелта на безбожните луѓе“ (2. Петрово 3,7).

„Бојте се од Бога и подајте му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете му се на Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7).

Овие текстови, како и многу други, ветуваат дека Бог ќе ја исполни правдата. А како да не ја исправи? Како праведниот Бог во некој момент да не ја исполни правдата која толку долго му фали на овој свет? Бог е правдољубив и праведен, па како Тој да не ги искорени злото и неправдата?

*Најверојатно нема Бог? Сега престанете да се грижите и уживајте во животот?* Да, не мора да се грижите дали сите лоши работи што некогаш се случиле ќе бидат исправени. Вие не мора да се грижите дали злото и расипаноста која го проникнува овој свет ќе престанат и ќе бидат отстранети. Не мора да се грижите дали некогаш ќе има одговор на ужасно тешките прашања кои копнеат по одговори. Не мора да се грижите дали некогаш ќе ги видите сите работи исправени, бидејќи тоа никогаш нема да се случи. А како може да се случи ако нема Бог кој би ги исправил? Затоа, ако Бог тоа не го направи - тогаш кој?

*„Најверојатно нема Бог“?* Ако тоа е вистина, тогаш, секако, нема ниту правда, ни сега ни утре, а ни во еден од стотиците денови по утрешниот ден. А тоа тогаш значи дека сите вековни зла и неправди кои не се исправени, нема ни да бидат исправени. Наместо тоа, неправдите што ги гледаме само ќе продолжат да се множат и да се множат.

Неправдата е тука, и никаде не заминува, а секако нема да замине ни сега. Но ако Библијата нè учи нешто, тогаш таа учи дека настапува времето на судот. Исус не умрел на крстот само за светот да го препушти на котелот на злото и неправдата. Затоа што Бог е Бог, правдата ќе биде остварена.

*„Најверојатно нема Бог“?* Најдобро е да се надеваме дека тој исказ не е вистинит.

---

[1]http://www.tnr.com/book/review/monster-michael-hudson

[2]Berlinski, David, *The Devil's Delusion* (Crown Forum; New York), 2008, стр. 26.





© www.bigstockphoto.com/pressmaster

# КОГА БЕБИЊА УМИРААТ

*Како да се објасни зошто умира мало дете, оставајќи ги зад себе ужалените родители?*

Списанието *Њујоркер* објавило одлична статија што ја напишал татко чија ќерка тукушто починала од некое мозочно заболување. „Една од најподмолните религиозни заблуди," рекол тој, „е дека страдањето облагородува - дека тоа е чекор кон некој вид на просветлување или спасение. Страдањето и смртта на Изабела ништо не ѝ помогнаа ни нејзе ни нам ни на светот. Не научивме никаква лекција која вреди да се научи; не научивме никаква лекција од која некој би имал полза. А Изабела сигурно не заслужи да умре и да оди на 'подобро место', бидејќи нема подобро место за неа од домот, со семејството".[1]

Колку е ова силно, колку мачно и гневно, и колку разбирливо! Како да се обидеме да објасниме зошто умираат бебиња, оставајќи ги зад себе своите расплакани родители? Или проблемот е во тоа што се обидуваме да објасниме нешто што всушност е необјасниво?

Ако, како што тврдат многу научници, новинари и филозофи, нема Бог, ни смисла за живот, а ниту смисла на постоењето - тогаш нема никаква надеж, а уште помалку одговор на прашањето околу страдањето и злото. Во 1958 година пионерот на квантната механика, Ервин Шредингер, напишал: „Најболно е апсолутното молчење на сите наши научни истражувања околу прашањата поврзани со значењето и смислата на целокупниот свет. Колку повнимателно ја набљудуваме, таа ни изгледа толку побесцелна и поглупава".[2]

Зар целокупната слика на создадениот свет е бесцелна и глупава? Ако е така, каква надеж ни дава тоа нам, како чувствителни битија заглавени среде бесцелната и глупава вселена, со битија кои постојано умираат и чии бебиња повремено умираат пред нив?

Или, како што напишал физичарот Стивен Винберг неколку децении подоцна: „Колку поразбирлива изгледа вселената, толку се чини побесмислена“.[3] Тогаш каква смисла имаат нештата, па дури и смртта на едно бебе?

Никаква, или барем така изгледа. На крајот на краиштата, како може таа смрт, или која било смрт, или воопшто нештата, да имаат смисла во вселена која сама по себе е бесмислена?

„Зошто (вселената) би имала смисла?“ запрашала Маргарет Гелер, астрофизичар на Харвард-Смитсон центарот за астрофизика. „Каква е смислата на вселената? Па таа претставува само физички систем и каде е тука смислата? Оваа изјава отекогаш ме збунуваше“.[4]

Само физички систем, бесмислен физички систем кој нема смисла, ниту цел? Ако целата вселена е бесмислен физички систем, каде тогаш тоа нè става нас, толку ситни и минливи органски материи, кои живеат на малечка планета која кружи околу една од милијардите ѕвезди, која, пак, ротира околу само една меѓу милијардите галаксии? Тоа нè прави побесмислени и во однос на самата вселена, а тоа е мачна ситуација за суштества како што сме ние, на кои секоја клетка, очигледно, копнее по смисла и цел.

Други тврдат дека мораме да се обидеме самите себеси да си дадеме некаква смисла, дека ние самите треба да му дадеме значење на нашиот живот. Влијателниот германски атеист, Фридрих Ниче, тврдел дека секој од нас поединечно мора да создаде свое сопствено значење засновано на совеста, искреноста и доследноста на самиот себе.

*Како функционирала оваа филозофија во животот на самиот Ниче?* Всушност, не баш добро. Ниче, кој никогаш не се оженил (и никогаш, очигледно, немал долгогодишна врска со некоја жена), на 44 години се нашол на улица во Италија и своите последни единаесет години ги поминал во полукататонично лудило.

Уништениот живот на Ниче не ја поткрепува неговата филозофија, но води кон прашањето: *Како некој ја гради смислата на животот кога самиот материјал на животот и сè со што тој оперира е „само систем,“ и тоа „бесмислен“?*

Христијанскиот апологет Вилјам Лејн Крејг тврдел дека, ако атеизмот е вистина, „човештвото, според тоа, не е ништо позначајно од рој комарци или штала со свињи, бидејќи сите имаат ист крај. Истиот слеп вселенски процес кој ги искашлал на почетокот, еден ден сите ќе ги проголта. И така ќе биде со секој поединец. Придонесот на научниците за напредок на човечките сознанија, истражувањата на докторите за ублажување на болката и страдањето, напорите на дипломатите да обезбедат мир во светот, жртвата на добрите луѓе секаде во светот за да го подобрат животот на човечката раса - сето тоа е ништожност. На крајот, тоа не менува ништо, ни најмалку. Оттаму животот на секој човек нема некое крајно значење. И затоа што нашиот живот е крајно бесмислен, и активностите со кои го исполнуваме нашиот живот се бесмислени“.[5]

*Создадени сме „според Божјиот лик“ (1. Мојсеева 1,27), слични на Бога чија љубов кон нас, како негови созданија, била толку голема што самиот, во личноста на Исуса Христа, умрел за нас.*

Затоа и страдањето и смртта во таквата вселена стануваат бесмислени, незначајни и безнадежни како и сè друго во него.

Наспроти тоа, ако верувате во Бога, и во сценариото на големата борба, вие барем имате *некаква* надеж, *некаков* изглед дека ќе добиете одговор на ужасната дилема за страдањето и смртта. Според ова гледиште, наместо да бидеме ништо повеќе од случаен производ на неинтелигентен настанок, ние сме суштества создадени „според Божјиот лик“ (1. Мојсеева 1,27), слични на Бога чија љубов кон нас, како негови созданија, била толку голема што самиот Тој, во личноста на Исуса Христа, умрел за нас.

Злото е реално, страдањето е реално и смртта е реална бидејќи и ѓаволот е реално битие кое се побунило против моралниот поредок на создадениот свет и тој бунт го пренел на земјата. Во книгата за Јов можеме да ја видиме реалноста на оваа борба и нејзините ужасни последици овде на земјата и во нашиот живот. Освен губитокот на здравјето и неговиот имот, Јов ги изгубил и сите свои деца. „Додека уште зборуваше овој, дојде четвртиот и рече: 'Твоите синови и ќерки јадеа и пиеја вино во куќата на најстариот брат. И ете, силен ветер се крена од пустината, удри на сите четири агли на куќата, ја урна врз децата, па тие загинаа. Единствено избегав јас да ти јавам'“ (За Јов 1,18-19).

Но сепак, кога оваа приказна завршила, Јов не добил никаков одговор, никакво оправдување за тие умирања, токму поради тоа што злото нема оправдување, нема објаснување; да го објасниш, би значело во одредена смисла да го оправдаш - а ние тоа не го сакаме.

Наместо тоа, нам ни е дадено скапоцено ветување дека, кога цела оваа ужасна борба со страдањето, злото и смртта ќе заврши, Бог „ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“ (Откровение 21,4).

Иако овде има солзи (а како да нема, со оглед на она што се случува), дадена ни е надеж дека не само што животот ќе продолжи туку и дека смртта, тагата, лелеците и болките „ќе поминат“. Имаме цврсто ветување за конечен излез од сè она што животот ни го прави толку мачен и беден.

Страдањето, злото и смртта се рални животни факти, барем во овој живот. Сите сме ја искусиле нивната горчина и тага без одговор. Ако Бог не постои, тогаш тие го имаат последниот збор; ако има Бог, Бог кој во личноста на Исус умрел на крстот и воскреснал за да стави крај на страдањето, злото и смртта – тогаш животот, среќата и утехата навистина ќе завладеат.

Едната опција не ни нуди надеж; дури ни можност за надеж. Другата не ни нуди само надеж туку и големи причини таа надеж да стане наша. Инаку, немаме ништо.

---

[1]*The New Yorker,* 13. и 20. јуни 2011, стр. 62.

[2]Schrodinger, Erwin, *What is Life?* Cambridge University Press, стр. 138.

[3]Weinberg, Stephen, *Dreams of a Final Theory*, Vintage Books, New York, 1993, стр. 255.

[4]*Ibid.*

[5]Craig, William Lane (23.7.2008). *Reasonable Faith: Christian Truth and Apologetics* (Kindle Locations 1397-1404). Good News Publishers/Crossway Books. Kindle Edition.




# *Има ли некаква* НАДЕЖ ЗА НАС?



© www.bigstockphoto.com/naturich

Не е забавно да бидеш заглавен овде на „Третиот камен од Сонцето“, малечка планета која (во зависност од тоа во чија физика и пресметка имате доверба) ќе изгори или ќе замрзне или ќе се распадне до атомски делчиња.

Дали нè чека ваква судбина?

Зависи. Ако атеистичкиот, материјалистичкиот поглед на реалноста е вистинит, тогаш Земјата, и сиот живот на неа, навистина е осуден на пропаст; порано или подоцна, на овој или оној начин - ќе бидеме спржени. На крајот на краиштата, ако на почетокот нè создале бесчувствителни сили, што тогаш ќе ги спречи истите тие сили да нè проголтаат?

Меѓутоа, дали е таквото гледиште исправно? Имаме ли причина да веруваме дека реалноста е посеопфатна, поширока и дека располага со поголем број можности – дури и можноста за чуда – отколку што ни порачуваат приврзаниците на секуларизмот? Ако се осмелиме да се надеваме, како да ја оправдаме таа надеж? Дали таа надеж е само очајнички копнеж на очајни луѓе кои сакаат да побегнат од расипаноста на овој свет или постојат добри причини да се надеваме, да веруваме во чуда?

Ако постојат такви причини, кои се и зошто би требало да веруваме во нив?



# КВАДРАТНИ КРУГОВИ?

*Присилна љубов е исто толку невозможна како и квадратен круг*

© www.bigstockphoto.com/vidakovic

Кога доаѓа време да снесат јајца, еден вид оси копаат мала дупка. Кога осата ќе го прободе штурецот (не толку за да го убие, но доволно за да го парализира), го одвлекува до таа дупка. Тогаш ги положува јајцата покрај штурецот, ја затвора дупката и никогаш повеќе не се враќа. Кога јајцата ќе почнат да се отвораат, бебињата се хранат со штурецот кој не се распаднал бидејќи не умрел.

Меѓутоа, пред осата да го остави штурецот внатре, таа го остава крај отворот, влегува и ја испитува дупката. Во текот на тоа испитување, набљудувачот може да го помести штурецот за неколку сантиметри. Кога осата ќе се врати и ќе открие дека штурецот е преместен, го довлекува до отворот на дупката, а потоа се враќа назад во дупката и ја проверува. Ако набљудувачот повторно го помести штурецот, осата повторно ќе го направи истото и ќе ја испита дупката пред да го внесе внатре. Ова може постојано да се повторува. Изгледа дека осата не успева да му побегне на своето програмирано однесување на испитувањето. Некои овој експеримент го употребуваат како доказ дека, дури и на изглед промисленото однесување може да биде несвесно, спротивно на слободната волја.

Секако, сосем друго прашање е во колкава мера заклучоците за однесувањето на осата може да се однесуваат на човековата слободна волја (или недостаток на истата). Но дури и по илјада години, дискусијата за тоа дали ние имаме слободна волја или не, и понатаму беснее, и притоа луѓето ги користат осите за да се обидат да го докажат своето гледиште!

Наспроти ова, Библијата не тврди дека ние имаме слободна волја; таа едноставно тоа го подразбира. Тоа значи дека речиси ништо во Библијата нема смисла освен она што го веруваме во длабочината на нашата душа, а тоа е дека ние навистина имаме слобода на избор.

Меѓутоа, можеби најчудесниот библиски текст за слободната волја дури и не се ни однесува на луѓето. Наместо тоа, тој зборува за сатаната, за Луцифер, паднатиот ангел кој овде на Земјата предизвикува неверојатен пустош.

Зборувајќи за Луцифер на Небото, Библијата вели: „Совршен беше по своите патишта од денот на своето создавање додека не ти се зачна беззаконие во срцето“ (Езекил 28,15).

Зборот „создаден“ потекнува од истиот збор кој се употребува во првата глава на 1. Мојсеева, кога Бог ги *создал* Небото и Земјата, збор кој се употребува *единствено* тогаш кога сам Бог нешто создава. Така, станува збор за совршено битие создадено од совршениот Бог, на совршено Небо – *па сепак, во него се нашло беззаконие?!*

Како е можно тоа? Одговорот се наоѓа во еден збор: *љубов*.

Љубов? Да, бидејќи љубовта, за да биде љубов, *по правило* мора слободно да се дава. Дури ни Бог не може да создаде присилна љубов. Да се присили љубовта, значи да се негира. Како што Бог не може да создаде оженет младоженец, бидејќи „младоженецот“, по дефиниција е неженет. Тој не може да создаде присилна љубов зашто љубовта, по дефиниција, се дава доброволно. Присилната љубов е невозможна како и четириаголниот круг.

Елена Вајт тоа вака го изразила: „Применувањето сила не е во согласност

со начелата на Божјето владеење. Тој сака само служба од љубов, а љубовта не може да се изнуди; таа не може да се задобие со сила или со власт. Само љубовта може да разбуди љубов“.[1]


© www.istockphoto.com/nautilus_shell_studios

Но, дури и да признаеме (а мораме) дека љубовта мора да се дава доброволно, и дека Бог немал друг избор, доколку сакал суштества кои можат да го сакаат, освен да ги создаде слободни – а тоа доведува до друго прашање. Ако Бог е сезнаен, зошто нè создал, иако знаел дека ќе паднеме во грев и дека тоа ќе внесе страдање на овој свет? Одговорот гласи дека Бог, бидејќи е полн со љубов, Тој ќе го изведе сето тоа на добро; кога таа ужасна борба меѓу доброто и лошото ќе биде завршена, пред сите созданија Бог ќе ја докаже својата праведност, добрина и љубов.

*Убаво, нема шшо!* Колку е праведно ние да страдаме, како што страдаме сега среде оваа голема борба на Земјата, додека Бог, докажувајќи ги своите ставови, удобно и сигурно седи горе на Небото?

Постои само еден единствен одговор на ова значајно прашање: крстот на кој Бог, во личноста на Исуса Христа, страдал за сите нас, она што секој од нас може да го искуси само поединечно.

Што сакаме со ова да кажеме?

Фридрих Ниче, атеист, еднаш напишал: „Во крајна линија, човекот може да се запознае само себеси“.[2] Ниче е во право. Кога тагуваме со тажните, кога плачеме со уплаканите, страдаме со оние кои страдаат – ние ја доживуваме само нашата тага, само нашиот плач, само нашата мака, никогаш туѓата. Ние крвариме со нашата крв, ја плукаме нашата плунка, се потиме со нашата пот – никогаш со туѓата, без оглед колку сме блиски. Болката на другите луѓе до нас стигнува минувајќи го секогаш и само филтерот на нашето битие; затоа тоа наше искуство е сета болка која некогаш можеме да ја спознаеме.

Иако броевите (10000 мртви тука, 6 милиони мртви онде, 200000 мртви таму прават да се згрозиме и затрепериме, сепак, никој од тие луѓе не страдал повеќе отколку што поединецот може да пати. Тие не запознале поголема болка од онаа што нивниот поединечен метаболизам може да го дозволи. Ние можеме да ја спознаеме само сопствената болка, и ни трошка повеќе.

Наспроти тоа, Бог преку Христа во себе ги носел, заеднички и одеднаш, сите болки и страдања кои ние ги доживуваме само како поединци. На крстот Бог страдал далеку повеќе отколку што страдал или ќе страда кој било поединец во историјата на човештвото.

Во Исаија 53, зборувајќи за Исус на крстот, пророкот пишува: „А Тој ги понесе нашите болести, ги зеде врз себе нашите болки, додека ние сметавме дека Бог го бие и го понижува“ (Исаија 53,4). Чии болести, чии немоќи? На луѓето од цел свет; тоа е она што Исус го носел во себе. Сета човечка болка, сите немоќи, сите болести – сето тоа било последица на гревот, и на тој крст, гревовите на целиот свет, со сите негови тажни последици (нашите „болести“ и нашите „болки“ ), со полна тежина паднале на Исуса.

Оттука, наместо „удобно и сигурно да седи горе на Небото“, Бог во Христа страдал далеку повеќе отколку што некој од нас некогаш страдал. Никој не ја платил поскапо цената за слободната волја, или подобро кажано, за *злоупотребата* на слободната волја, повеќе од самиот Бог.

*На крстот Бог страдал далеку повеќе отколку што страдал или ќе страда кој било поединец во историјата на човештвото.*

Библијата вели дека Исус бил: „Јагнето кое е заклано од постоење на светот“ (Откровение 13,8). Ова значи дека, дури и пред создавањето на светот, планот за спасение веќе бил подготвен. Погледнете колку се за Бога свети и фундаментални слободната волја и слободниот избор. Дури и пред да биде создаден овој свет, Бог знаел што ќе се случи и, и покрај цената што лично Тој ја платил, наместо да нè направи како несвесни роботи кои не можат да сакаат, сепак нè создал со слободна волја.

Љубовта е величенствена метафизика на Божјата морална вселена. Ние можеме да сакаме само затоа што сме создадени слободни, а создадени сме слободни за да можеме да ги сакаме другите и, што е најважно - Бога. Љубовта кон Бога е наш пат за бегство од овој свет. „Зашто ова е љубовта Божја: да ги исполнуваме Неговите заповеди“ (1. Јованово 5,3) и „Блажени се оние, кои ги перат своите облеки, за да имаат право на дрвото на животот и за да можат да влезат во градот низ портите“ (Откровение 22,14).

[1]White, Ellen, *Desire of Ages* (Pacific Press Publishing Association; Mountain View, CA) 1940, стр. 22.
[2]Friedrich Nietzsche, *Thus Spake Zarathustra* (Penguin Books; New York) 1969, стр. 173.





# Храна за црвите

*„...и ужас од она што нè чека во гробот, а тоа е многу повеќе од тело заковано во сандак и спуштено во земјата за да стане храна за црвите“.*

© www.istockphoto.com/nico_blue

Британскиот автор Симон Кричли, во воведот на својата книга *Книга на мртвите филозофи,* го напишал следново: „Оваа книга започнува со едноставна претпоставка: она што сега го одредува човечкиот живот во нашиот дел од планетата, не е само страв од смртта, туку присутен страв од уништување. Овој страв едновремено претставува и страв од неизбежната смрт, следен од исчекувањето на нејзината идна болка и можното бесмислено страдање, како и страв од она што нè чека во гробот, а тоа е многу повеќе од тело заковано во сандак и спуштено во земјата за да стане храна за црвите“.[1]

Пораката на Кричли има смисла. Смртта уништува сè што е поврзано со животот. Што може да значи животот ако порано или подоцна човек умре, ако секој оној што некогаш ве познавал исто така умре, ако и оној кој влијаел на вас умре, и ако секое сеќавање на вас исчезне и биде проголтано од „вжештената смрт“ на вселената? (Некои астрономи, пак, мислат дека вселената ќе се повлече сама по себе, намалувајќи се до големина на тупаница. Тие ваквиот расплет го нарекуваат „Голема катастрофа“).

Какво и да е сценариото за пропаста на вселената (а астрофизичарите велат дека таа, на овој или на оној начин, ќе се угаси), гледано на подолги стази, сите ние во секој случај умираме – па зошто тогаш тоа е толку важно? „Има ли мојот животот некаква смисла?“, се прашувал Лав Толстој, „која нема да биде уништена со неизбежноста на смртта која ме чека“.[2]

Брајан Меги бил мошне познат англиски автор, музички критичар и член на Парламентот. Во неговите рани триесетти години одненадеж го преплавило силно студено сознание за сопствената смртност. Како атеист кој верува дека овој живот е сè што имаме, и тоа е тоа, без надеж во што и да е по него, тој сфатил колку, и тоа мало, вреди. Без оглед што правел, дали неговиот живот бил промашен или успешен – „тоа нема да промени ништо ни за мене ни за кој било друг, кога сите ние сме ништо, како што ќе заврши секој, вклучувајќи ги и оние кои сè уште не се родиле; затоа мојата смрт не може ништо да промени, а ништо не би се променило ни јас да не се родев; дека во секој случај ќе завршев како никогаш и да не сум се родел; дека нема никаква смисла во сето тоа, никаква цел; и на крајот, сè е ништо“.[3]

„Сè е ништо“, да, но само ако Бог не постои, и ако овој живот е сè што имаме. И тоа е така поради постоењето на смртта и нејзиното влијание на животот. Често велиме дека смртта е дел од животот. Но тоа не е точно. Смртта е негација на животот а не негов дел. Мозоците ни се толку испрани со сеприсуството на смртта и толку со секој атом на воздухот го вдишуваме здивот на смртта со кој е преплавена нашата крв – што спротивностите ги спојуваме и ги прогласуваме за еднакви!

Се разбира, науката била во можност да ни пружи нешто, но *што*? Дваесет години, триесет години? Ајде, ве молам! Дваесет или триесет години се невкусна шега во споредба со вечноста која ќе продолжи и кога нас ќе нè сместат во правта, бидејќи сме прав и ништо повеќе. Покрај сиот напредок на човекот - праќање ровери на Марс, правење ајфон или мапирање геноми – сетоа тоа на крајот е бесмислено во безбожната вселена каде нашиот најприлагодлив и бескромпомисен непријател, смртта, не прифаќа предавање и не зема заробеници, туку пука во низок лет, гаѓа и опсипува со оган, додека секоја ќелија од ѕидот не ја урне и сè однатре не истече и не се распадне. Смртта е непријател кој не можеме да го уловиме ниту да го уништиме, бидејќи таа е направена од она што сме самите ние. Според натуралистичкото и атеистичкото создавање, што е животот или што е смртта ако не различни состојки на иста чорба? Во тој случај, животот е само адолесцентен период на смртта.

Затоа Новиот завет постојано зборува за тоа дека Исус ја победил смртта и дека Тој ни нуди ветување за вечен живот. Новиот завет ни дава силен доказ кој треба да ни помогне да веруваме во реалноста за Неговото воскресение; и во тоа воскресение ние можеме да имаме надеж и ветување кое се однесува на нас. На крајот, само вечниот живот му дава смисла на овој живот. Впрочем, што може да значи животот за оној кој е осуден да стане прашина, и тоа засекогаш, а можеби ни толку?

*„Сè е ништо“, да, но само ако Бог не постои, и доколку овој живот е сè на што можеме да се надеваме.*

Но прашината не мора за нас да биде крај. Исус направил пат за бегство. Главна цел поради која дошол тука е да нè спаси од вечната смрт која инаку би била наша конечна иднина. А спасувајќи нè од таа смрт и давајќи ни *сега* надеж и спасение, Тој може на нашиот живот да му даде смисла и цел која инаку не би ја имале (прочитајте ги повторно горенаведените цитати!)

Еве само неколку неверојатни ветувања кои можат да бидат наши:

„Смртта ќе биде уништена како последен непријател“ (1. Коринќаните 15,26). „Јас им давам вечен живот и никако нема да загинат и никој нема да ги грабне од мојата рака“ (Јован 10,28). „Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23).

„И ова е сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во неговиот Син“ (1. Јованово 5,11). „Во надежта за вечен живот, што пред вечни времиња го вети Бог, кој не лаже“ ( Тит 1,2).

Инаку што? Големо дробење? Вселенска вжештена смрт? Дури и без величествениот крај на вселената, секуларниот атеистички поглед на свет, кој има толку тесно и ограничено гледиште, не ни нуди ништо освен очај и безнадежност. Тоа се подразбира кога, претпоставувајќи дека сме само производ на случајност во вселената кој нè исплукал како суштества кои можат да го разберат вечното и трансцедентното, но чијшто мозок и тело, со оглед дека се состојат главно од прашина и вода, се минливи и земски.

Наспроти тоа, не само што ни е дадена голема надеж во Исуса туку ни се дадени и големи причини за да веруваме во Него. Иако има многу нешта кои не ги разбираме, можеме да разбереме доволно за да Му веруваме, дури и да знаеме дека ветувањето за воскресение, ветувањето за вечен живот, е ветување кое ни нуди излез од оваа збрка која е многу подобра од тезата за „храна за црвите“ на Симон Кричли.

Кричли претставил едно гледиште за животот и смртта: а тука Павле претставува друго: „Зашто Самиот Господ на заповед, при глас на архангел и при Божја труба, ќе слезе од небото и мртвите во Христа ќе воскреснат прво. Потоа ние живите, ние кои останавме, ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, во воздух, во пресрет на Господа; и така засекогаш ќе бидеме со Господа. Затоа, утешувајте се еден друг со овие зборови“ (1. Солуњаните 4,16-18).

Ова е вистинска утеха за сите нас. Во Исуса, и со големите ветувања што ни ги нуди Тој благодарение на неговата смрт и воскресение, можеме уште сега да знаеме дека овој свет и смртта која во него владее, го немаат последниот збор. Но Бог го има. И она што Тој ни го вели е: „Зашто, еве, Јас создавам нова небеса и нова земја. Поранешните веќе не ќе се спомнуваат, ниту ќе ви доаѓаат на ум“ ( Исаија 65,17).

[1]Critchley, Simon, *The Book of Dead Philosophers* (Vintage Books; New York, 2008) стр. *xv*.
[2]Tolstoy, Leo, *A Confession and Other Stories* (Penguin Book; New York, 1987) стр. 35.
[3]Magee, Bryan, *Confessions of a Philosopher* (Random House; New York, 1997) стр. 251.

## СТАТИСТИКА

Едно британско истражување објавено во склоп на Светската недела за свесност за смртта (Dying Matters Awareness Week) кое траело од 14 до 20 мај 2012 година, покажало дека смртта останува табу за мнозина, и покрај тоа што 54% од луѓето изгубиле некој во последните пет години, и што околу една третина од испитаниците велат дека секојдневно размислуваат за смртта, разговараат со другите и однапред ја разгледуваат можноста за сопствената смрт.

Дури 71% од испитаниците се сложуваат дека на луѓето не им е пријатно да зборуваат за смртта, за умирањето и за жалоста над умрените. 25% изјавиле дека им е непријатно со блиските да зборуваат за умирањето. Само сексот е поголемо табу од смртта: 39% од нив рекле дека им е непријатно да зборуваат за тоа со своето семејство и со пријателите. Да го спредиме тоа со процентот на оние за кои забранети теми им се парите (23%), религијата (14%), политиката (13%) и имигрантите (11%).

Истовремено 82% од нив се плашат дека пред умирање ќе бидат некому на товар, а 74% од испитаниците се грижат што ќе биде со нивното семејство ако умрат. Само 25% од оние што изгубиле некого рекле дека добиле вистинска утеха за својот губиток. 35% од испитаниците изјавиле дека не би имале со што да го погребаат членот на семејството, 28% не би знаеле ни кого да го известат за тоа, а 24% не би умееле ни да организираат погреб.

И покрај сите овие стравови, само 27% од испитаниците прашале некој член на семејството која му е последната желба, и само 31% некому му ја довериле својата последна желба. Само 37% напишале тестамент, 31% се пријавиле како донатори на органи по смртта, а едвај 8% од испитаниците ги запишале своите желби и потреби во случај да станат неспособни сами да донесуваат одлуки.

www.dyingmatters.org/page/brits-paying-price-refusal-talk-about-dying





### СПАСЕН ОД ПЕКОЛНИОТ ПЛАМЕН НА СПИРИТИЗМОТ

На извонредно убав и сликовит начин, низ личните искуства на авторот што ги опишува во својата книга, ние без здив, во живо ја следиме и ја гледаме жалната и очајна состојба во која се наоѓаат сите робови на спиритизмот, начинот на кој станале негови заробеници, и страотиите и хororите низ кои поминуваат пекајќи и барајќи излез од пеколните маки што ги тргаат.

Во оваа **книга со среќен крај** можете да го откриете патот за излез од „пеколниот пламен на спиритизмот“!

www.znacinavremeto.mk




### АПОКАЛИПСА - ОТКРОВЕНИЕ

Зборот „Апокалипса“ најчесто се поврзува со крајот на светот, со општо уништување и пропаст, но значењето на овој збор е сосема поинакво. Апокалипса значи „подигање на велот“ или „откривање“, оттаму и нашиот превод на истоимената книга од Библијата, Откровение.

Авторот Марвин Максвел во книгата „Апокалипса - Откровение“ на извонредно разбирлив начин нè води низ **објаснувањето на симболите** на оваа извонредна книга, поврзувајќи ги со нивните остварувања во вистинските историски настани на нашата планета.

www.znacinavremeto.mk




### АРХЕОЛОГИЈАТА ЈА ПОТВРДУВА БИБЛИЈАТА

ЦЕЛТА НА ОВАА КНИГА не е да изнесе некаква вчудовидувачка или фрапантна приказна за возбудливата и богата историја на библиската археологија, ниту пак таа е запис од патувањата низ библиските земји. Таа е дури и нешто повеќе од збирка на впечатоци стекнати при посетите и личното учество во археолошките ископини при истражувањето на одделни **археолошки локалитети каде што настанувала библиската историја**; таа е повеќе од студија на пронајдените археолошки предмети сместени во големите светски музеи што ги посетил авторот.

Прекрасен концизен материјал за археолошките пронајдоци кои ја потврдуваат веродостојноста на Библијата.

www.znacinavremeto.mk




### УБАВИНАТА НА КАРАКТЕРОТ

**„Најголема потреба на светот** е потреба за луѓе кои не можат ниту да се купат ниту да се продадат, луѓе кои во длабината на душата се верни и послушни, луѓе кои не се плашат гревот да го наречат со неговото вистинско име, луѓе чија што совест е верна на должноста како магнетната игла на полот, луѓе кои ќе се придржуваат кон правдата **макар и небото да се урне**“.

Веруваме дека оваа прекрасна мисла ќе ве исполни со копнеж да ја имате книгата „Убавината на карактерот“, и читајќи ја да се збогатите со нејзините животни мудрости, градејќи го највредниот украс што еден човек може да го има - убав и урамнотежен карактер!

www.znacinavremeto.mk



© www.shutterstock.com/Suzanne Tucker

# Кој е ПОБЕДНИК над злото?

*Иако луѓето добиле слободна волја и слобода на избор, решиле да прават зло; оттаму сите луѓе се престапници пред Бога.*

Дали се сеќавате на Џорџ Карлин, богохулниот комичар со поган јазик кој никого не штедел? Вака зборувал „свети“ Џорџ: „Толку сум уморен од приказните за невини жртви; тоа е старомодна идеја. Нема невини жртви. Ако сте се родиле на овој свет, вие сте виновни и точка... крај на извештајот, одиме на следниот случај. Доказ за вината е вашиот матичен извод на раѓање“.[1]

Иако не е познат по религиозен начин на рамислување, Карлин искажал порака која има смисла. Сите ние сме виновни; сите ние сме грешници. Секако, лесно е да се споредиме со другите и тогаш да мислиме дека ние и не сме толку лоши. *Еј, јас никогаш не сум зел автоматска пушка и никогаш не сум пукал по гледачите во кино... Еј, јас никогаш сексуално не сум злоупотребувал четиригодишни деца... Еј, јас никогаш не сум ограбил банка и не сум држел заложници... Човеку, јас сум доста добар човек, зар не?*

Секако, Јозеф Фрицл, австриецот кој својата ќерка ја држел затворена во својот подрум и со години ја силувал, не бил толку лош како австриецот Адолф Хитлер, но тоа не го прави Фрицл добар. Вие можете да бидете бедни, себични, завидливи и лоши, но секогаш можете да најдете некој порасипан, посебичен, позавидлив и полош од вас.

Повеќето од нас, дури и во нашиот постмодерен свет кој никого не осудува, живеат со некаква вина. Би можеле да бидеме сериски убијци или опседнати со детска порнографија, но и додека се обидуваме да се скриеме зад флоскулата „вистината е релативна“, сите ние, длабоко во себе, знаеме дека сме направиле нешто лошо. На крајот на краиштата, едноставно поставете си го себеси ова прашање: *Колку работи сум направил за кои не сакам да се знае ниту да се објави на интернет или во дневните весници, работи од кои, кога би биле обелоденети, многу би се срамел?* Ако не сте направиле ништо срамно, вие сте исклучок кој го потврдува правилото, а правилото се наоѓа во овие библиски текстови: „Нема никој праведен, нема ниту еден... А знаеме дека сè што вели Законот, им го зборува на оние, кои се под Законот, за да занеми секоја уста и за да биде целиот свет виновен пред Бога“ (Римјаните 3,10.19).

Погледнете го светот - војни, насилства, криминал, економски разлики, загадување, расипаност, неправда; тоа не настанало случајно. Иако луѓето добиле слободна волја и слобода на избор, сепак донеле лоши одлуки, и затоа „целиот свет е виновен пред Бога“. А тоа го вклучува *секого од нас*.

Токму тоа е причината поради која дошол Исус Христос - за *секого од нас* да го направи она што сами никогаш не би можеле да го направиме за себе: да ни овозможи излез за бегство од расипаноста на овој свет. Библијата зборува дека Бог ја знае нашата дилема и сака да нè спаси, обезбедувајќи ни засолниште од расипаноста на овој свет која самите сме ја предизвикале. Тој треба да нè спаси од самите нас, и затоа Исус се појавил меѓу нас. Исус ни помага да видиме кои сме ние и да ни обезбеди излез за бегство од последиците на бројните наши погрешни одлуки. Затоа Библијата во Јован 3,17 ни кажува: „Зашто Бог не го испрати својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него“.

Тоа функционира вака: Колку и да било лошо вашето минато, колку и да е *лоша вашата сегашност*, што и да сте направиле лошо, што и да *правите сега лошо* – пред 2000 години, на крстот, Исус Христос ја платил казната за сè што сте направиле или го правите токму сега. Казната која сте ја заслужиле вие, грешник кој правел зло и ги повредил другите (а признајте дека сте ги повредиле другите!), таа казна го снашла Исуса наместо вас, за вие никогаш да не мора да се соочите со неа! „Со Христа се постапувало онака како што заслужуваме ние, за со нас да се постапува онака како што заслужува Тој. Тој бил осуден поради нашите гревови во кои немал удел, за ние да можеме да бидеме оправдани со неговата правда во која немаме удел. Претрпел смрт што била наша, за ние да можеме да примиме живот што бил негов“.[2]

Тоа значи дека, за разлика од секое човечко суштество некогаш родено, Исус бил безгрешен, совршено праведен. Тој никогаш не направил грев. Како таков, Тој е пример за совршено држење на законот,

*Казната што ти си ја заслужил/а паднала на Исус, за ти да не мора никогаш да се соочиш со неа!*

совршена праведност. Евангелието, радосната вест кажува дека, не само што „Христос умре за нас, додека уште бевме грешници“ (Римјаните 5,8), плаќајќи ја казната за сите наши лоши дела, туку Христовиот совршен пример, неговата совршена праведност ни се припишува нам, како нашиот живот да е таков, како самите да сме праведни.

Теолошкиот израз „оправдување со вера“, значи дека со вера во Исуса ние стоиме пред Бога наметнати со Исусовата праведност, со Исусовата светост. Неговиот совршен пример на послушност и светост ни се препишува нам. Така Бог нè прифаќа, не заради нашите дела – кои нè осудуваат - туку затоа што нашите маани и грешки се покриени со Исусовата правда. Оваа праведност е дар од Бога, нешто што не можеме да го заслужиме со нашите дела или со нашата послушност на законот. Не, тоа ни е дадено кога го прифаќаме со вера.

„Зашто со делата на Законот ниедно тело нема да се оправда пред Него; зашто преку Законот доаѓа само познавање на гревот. А сега, независно од Законот, се јави Божјата правда, за која сведочат

Законот и пророците, и тоа Божјата правда, преку верата во Исуса Христа, за сите кои веруваат, бидејќи нема разлика; зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава, но се оправдуваат од Неговата благодат, преку откупот во Христа Исуса“ (Римјаните 3,20-24).

*Со вера во Христа стоиме пред Бога како да сме безгрешни, свети и совршени како Христос. Има ли подобра вест од оваа?*

Да, со вера во Исуса, ние стоиме пред Бога како да сме без грев, свети и совршени како Исус.

Колку радосна вест!

Но радосната вест е уште подобра. Не само што ние пред Бога стоиме совршени туку преку верата нашиот живот се менува од темел. Зборот „христијанин“ навистина значи „налик на Христа“, и, не само што неговиот живот ни се препишува нам туку тој почнува и да се покажува *во нас*. Исус бил единственото човечко суштество кое живеело без ниту една дамка на расипаност; а сега, преку верата, преку понизното барање да се угледаме на неговиот живот и карактер, добиваме сила да ги следиме неговите вредности за да бидеме сочувани од расипаноста која во голема мера го проникнува нашиот живот.

Така се случува зашто, кога го прифаќаме Исуса, умираме за нашето „јас“ и ги отфрламе нашите стари расипани патишта, и имаме нов живот во Исуса. Или, како што напишал апостол Павле: „Со Христа сум распнат на крстот; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, кој ме возљуби и се предаде себеси за мене“ (Галатите 2,20).

Ова не значи дека сте совршени; тоа значи само дека Бог ве гледа како совршени, и работи на тоа да бидете такви, а тоа претставува доживотен процес кој има свои успеси и падови, како што рекол апостол Павле: „Уверен сум во тоа, дека Оној, кој го почна доброто дело во вас, ќе го доврши до Денот на Христа Исуса“ (Филипјаните 1,6).

Џорџ Карлин бил во право. „Вие сте виновни и точка... крај на извештајот, одиме на следниот случај“, што покажува дека дури и нехристијаните го гледаат тоа. Но Исус, Божјиот Син, не бил виновен за ништо, никогаш. Тој бил праведен и совршен, и, благодарение на него и на чудесниот план на спасение, таа светост и тоа совршенство станале ваши преку верата. Вие едноставно тоа треба да го прифатите, и тогаш почнува вашиот нов живот.

---

[1]http://psychologyproductsandservices.blogspot.com/2011/09/psychology-of-guiltpart-iii.html

[2]Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 25.

## ПРИПАДНОСТ




*Дали некаде во себе имаш огорченост, бес и желба за одмазда? Ја повредува ли твојата чувствителна душа чувството дека не припаѓаш никаде, па дури и во своето семејство се чувствуваш како туѓинец?*

***Чувството на отфрленост е затвор кој управува со мислите, чувствата и однесувањето**, тврдат авторите на книгата ПРИПАДНОСТ; но тоа и самите го знаеме бидејќи тоа чувство, толку присутно меѓу луѓето, во многу аспекти од животот ни го скратило задоволството и полнотата на меѓучовечките односи.*

*Затоа авторите одат понатаму и, допирајќи до коренот на причината на емоционалните проблеми што доведуваат до чувство на отфрленост, отвораат пред читателот светол пат на потполно емоционално исцелување и зрелост, соединувајќи ги достигнувањата на современата психологија со христијанските принципи запишани во Светото Писмо!*

**www.znacinavremeto.mk**





© www.bigstockphoto.com/dny3d

# СПАСУВАЊЕ

*Кога Христос повторно ќе дојде, оние што му верувале ќе бидат спасени од најлошото разорување со кое се соочуваме – од смртта.*

Замислете ја следнава приказна: едно дете е киднапирано и родителите им плаќаат огромна откупнина на киднаперите. Постои само еден проблем: откако ја платиле бараната сума, родителите не го презеле детето!

Ако тоа ви звучи апсурдно, уште поапсурдна е идејата Христос да не се врати на земјата за да нè спаси. Зошто? Затоа што Тој платил многу висока цена за нашиот откуп: го дал својот живот.

„Како што Човечкиот Син не дојде да му служат, туку да служи и да ја даде својата душа за откуп на мнозина“ (Матеј 20,28).

„Зашто Бог е еден , и еден е Посредникот меѓу Бога и луѓето: Човекот Христос Исус, кој се даде себеси како откуп за сите, за сведоштво во вистинско време“ (1. Тимотеј 2,5-6).

Библијата вели дека ние сме откупени „со скапоцената Христова крв“ (1. Петрово 1,19). Поимот „откупени“, всушност, го има истото значење како и зборот „спасени“. За да нè откупи, Христос платил со својата крв. Зар не би било крајно бесмислено Тој да го оствари сето тоа, да плати толку голема цена за нас, а потоа да не се врати да го земе она што го чинело толку скапо?

А токму тоа е и значењето на второто доаѓање: Исус се враќа да го земе она што го платил при Првото доаѓање. Единствена цел на првото доаѓање е второто доаѓање. Првото Христово доаѓање е гаранција напишана со Неговата крв, гаранција дека ќе дојде по втор пат. Ако Исус не се врати, тогаш сè што направил при првото доаѓање – од неговото отелотворување, неговиот безгрешен живот и неговата смрт на крстот – станува залудно, и кој верува во тоа?

Се сеќавате ли на серијата книги и филмови *Оставени (Left Behind)*? Во нив се зборува за второто Христово доаѓање; меѓутоа, серијата го опишува Второто доаѓање како доаѓање во тајност: верните христијани тивко се земени на Небото, а сите

*Ако Исус не се врати, тогаш сè што направил при првото доаѓање – од неговото отелотворување, неговиот безгрешен живот и неговата смрт на крстот – станува залудно.*

останати (сиромашките „оставени“ луѓе) се чудат каде ли исчезнале другите.

Наспроти тоа, Библијата прикажува сосема поинакво сценарио во поглед на Христовото доаѓање. Прочитајте ги следниве текстови и размислете дали тие стихови второто доаѓање го прикажуваат како тивок и таен настан, како што е претставено во *Оставени*, или мошне бучен и јавен настан кој никој нема да го пропушти.

„Зашто, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Човечкиот Син“ (Матеј 24,27).

„Еве, доаѓа со облаците и ќе го види секое око, и оние, кои го прободоа, и сите земни племиња ќе заридаат за Него“ (Откровение 1,7).

„Зашто самиот Господ на заповед, при глас на архангел и при Божја труба, ќе слезе од небото и мртвите во Христа ќе воскреснат прво. Потоа ние живите, ние кои останавме, ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, во воздух, во пресрет на Господа; и така засекогаш ќе бидеме со Господа“ (1. Солуњаните 4,17-18).

Што и да верува некој во врска со второто Христово доаѓање, тоа нема да биде тивко ниту тајно. Неговото доаѓање ќе биде како молња која го сече небото. Секое око ќе го види. Најнапред ќе воскреснат мртвите во Христа. Тоа значи дека сите верни Христови следбеници од почетокот на светот, „мртвите во Христа“, ќе бидат вратени во живот во физичко тело. Ве молам, тој настан нема да може да се пропушти, особено кога пишува дека оние кои ќе бидат живи кога Христос ќе дојде, ќе бидат земени на Небото со Него!

Навистина, при второто доаѓање верните ќе бидат спасени од најголемото зло со кое луѓето некогаш се соочиле - од смртта.

Еве како Павле сликовидно го опишува она што ќе се случи кога Христос повторно ќе дојде: „Еве! Ви кажувам тајна: не ќе - умреме сите, но сите ќе се измениме, во еден миг, во миг на окото, при гласот на последната труба: имено трубата ќе затруби и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме, зашто треба ова распадливото да се облече во нераспадливо; и ова смртното да се облече во бесмртност“ (1. Коринќаните 15,51-53).

Наместо распаѓање, кое е последица на смртта, при воскресението на мртвите процесот ќе биде обратен, тие ќе добијат вечен живот. Смртта, најголемото зло од сите, нема да го има последниот збор. Не, преку вечниот живот кој им го нуди на сите кои ќе го прифатат – Христос го има последниот збор.

Кога Исус ќе се врати, ќе му дојде крајот на ваквиот свет во кој владеат големи зла, неправди, насилства, развратност и смрт. Нашата планета, каква што ја знаеме, нема да постои. Земјата ќе биде опустошена:

„А Господовиот ден ќе дојде како крадец во ноќта; во тој ден небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа“ (2. Петрово 3,10).

Да, земјата каква што сме ја знаеле повеќе нема да постои, но, пред Исус да го доврши своето дело, нашата планета ќе биде обновена, а ние ќе имаме свое место на новата Земја која вечно ќе трае.

„И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море немаше веќе. Тогаш јас, Јован, го видов Светиот Град - Новиот Ерусалим, како слегува од небо, од Бога, стокмен како невеста, која е украсена за својот маж. И чув силен глас од



© www.istockphoto.com/IgorZh

небото, велејќи: 'Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат негов народ, и самиот Бог ќе биде со нив,и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина'“ (Откровение 21,1-4).

Смртта, тагата, лелекот и болката - засекогаш ќе поминат! Тоа е надеж, тоа е ветување, тоа е она што ни се нуди во Исус. Вселенската борба меѓу Христа и сатаната навистина ќе заврши, а сите откупени ќе живеат на новата земја, под ново небо, во сосем поинакво постоење, без лошите работи кои тука ги расипале нашите животи.

Да, Исус се враќа. А кога ќе дојде, ние ќе бидеме или на едната или на другата страна.

Вие можете уште сега да бидете подготвени, ако во овој момент изберете себеси да му се предадете на Бога, целосно да му се посветите и да го љубите „Господа својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој разум и со сета своја сила“ и „својот ближен како себеси!“ (Марко 12,30; Матеј 22,39), и да ја остварувате таа љубов со послушност на неговите заповеди: „Зашто ова е љубовта Божја: да ги исполнуваме неговите заповеди; а неговите заповеди не се тешки!“ (1. Јованово 5,3).

Сите човечки обиди да се стави крај на расипаноста, доживеале неуспех. Сите големи *изуми* пропаднале. Сè во нашиот свет води кон пропаст, кон уништување и хаос, а човештвото - со сета своја технологија и наука - само ја продолжува агонијата која не може да ја прекине. Наместо тоа, таа станува сè полоша. Потребен ни е излез, но препуштени сами на себе, ние сме беспомошни и фатени во стапица.

Само Христос го отворил патот по кој можеме да стигнеме до засолништето, и никој од нас не мора да биде оставен и заборавен ни денес ни кога Тој ќе се врати.

*Само Христос го отворил патот по кој можеме да стигнеме до засолништето, и никој од нас не мора да биде оставен и заборавен ни денес ни кога Тој ќе се врати.*



© www.istockphoto.com/Dimitris66

# ПОСЛЕДНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Во северниот дел na Израел се наоѓа област од 380 метри квадратни, позната како Долината Мегидо, место богато со археолошки наоѓалишта, што сведочи за нејзиното големо историско значење. Исто така, мнозина веруваат дека во оваа долина во последните денови ќе се одигра конечната борба меѓу доброто и злото, меѓу Христа и Неговите следбеници од една, и ѓаволот и неговите следбеници од друга страна.

Иако луѓето нагаѓаат дали таа битка, позната како Армагедон, навистина ќе се одигра во долината Мегидо, едно е јасно: Последната и конечна битка во таа голема борба бргу наближува и секое човечко суштество ќе мора да донесе одлука на чија страна ќе застане. Ние сме или на страна на Создателот, Оној кој ги „создал небото и земјата, морето и сè што е во него“ (Псалм 146,6) или со паднатото создание, сатаната, чија што најголема измама е неговата способност да го прикрие не само своето постоење туку и своето најголемо зло, суштество чиешто конечно уништување е неминовно. „Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, знаејќи дека има малку време“ (Откровение 12,12).

Погледнете околу себе. Не мора да верувате во Библијата и во сатаната за да видите дека целиот свет оди во сè поголема криза. Мал број екстремно богати луѓе продолжува да натрупува богатство, додека милијарди луѓе венеат во сурова сиромаштија. Планетата се загрева побрзо отколку што мнозина очекуваат. Светската економија се тетерави кон уништување. Продолжува производството и натрупувањето на оружје, хемиско, биолошко, нуклеарно; не станува збор за тоа *дали* терористите некогаш ќе ги употребат, туку *кога*. Природни катастрофи се случуваат на сите страни, а изгледа и цело време. Чудесно е што воопшто и сме издржале до сега.

Порано или подоцна, ние ќе се соочиме со она што Библијата го опишува како „тажно време, какво што не било откако постои светот“ ( Даниел 12,1). За секуларниот човек, таквото големо „тажно време“ може да биде само уште еден пример на бесмисленост, апсурд и бесцелност на случајно настанатиот живот на земјата, во кој сета наша болка и страдања се залудни. Наспроти тоа, за оние кои го знаат Господа и веруваат во Него и во неговите ветувања за откупувањето и избавувањето, ова трагично време е навестување не само за крајот на овој свет туку и за идниот нов начин на живот кој ќе настапи кога Христос ќе се врати.

Пред тоа враќање, големата борба меѓу Христа и сатаната ќе го доживее својот врв во страшниот судир во целиот свет, која ќе го натера секое човечко битие отворено да ја избере едната или другата страна.

За да им помогне на луѓето да се подготват за она што доаѓа, и да помогне што е можно појасно да ја воочат разликата меѓу Божјата страна и сатанската, за никој, и покрај големите сатански измами, да не мора да биде измамен - Бог пратил посебна порака до целиот свет: „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ,и зборуваше со силен глас: ’Бојте се од Бога и подајте му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете му се на Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори’“ (Откровение 14,6-7). Основата на оваа порака претставува повик да го почитуваме само вистинскиот Бог - Создателот. Освен тоа, што друго го прави Бог ако не фактот што, како таков, Тој е единствен Создател на целата вселена, достоен да го обожаваме?

Интересно е да се забележи дека јазикот на оваа порака потекнува непосредно од Десетте Божји заповеди, односно токму од една заповед која укажува на тоа дека Господ Бог е Создател. „Помни го саботниот ден, за да го осветуваш. Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти. Зашто во шест денови Господ *ги направи небото и земјата, морето и сè што е во нив*, а на седмиот ден се одмори. Затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден“ (Излез 20,8–11).

Оваа врска станува уште позначајна кога само неколку стихови понатаму, по повикот во Откровение 14,6-7 да го обожаваме Оној „кој ги создал Небото и Земјата и водните извори“, Библијата ги опишува луѓето кои му се верни на Господа. „Тука е трпението на светите, кои ги пазат *Божјите заповеди* и верата во Исуса“ (Откровение 14,12).

Се гледа дека овие луѓе се поинакви од остатокот на светот, за кој се вели дека обожава друга сила, верско–политичка сила опишана како ѕвер (во библиското пророштво големите политички и/или верски сили се симболично прикажани како живописни ѕверови). „И му беше дадено да

Секој седми испитаник (14%) во едно истражување се сложува дека „ќе има крај на светот за време на мојот живот“; околу 4% се цврсто убедени во тоа, а 10% донекаде. Останатите (86%) не се сложуваат со тоа - 66% се убедени во таквото мислење, а 19% донекаде. Така мисли и петината од испитаниците во Турција (22%), САД (22%), Јужноафриканската Република (21%), Аргентина (19%), Мексико (19%) и Индонезија (19%), додека со тоа се сложуваат само 6% во Франција, потоа 7% во Белгија, 8% во Велика Бријанија и 11% во Шведска.

www.ipsos-na.com/news-polls/pressrelease.aspx?id=5610

СТАТИСТИКА

вдахне дух во ликот на ѕверот така што ликот на ѕверот да прозборува, и да направи да бидат убиени оние, кои нема да се поклонат на ликот на ѕверот“ (Откровение 13,15).

Од овие текстови јасно се гледа дека целиот свет ќе се определи за еден од двата табора, за оние кои му се поклонуваат на Создателот или за оние кои ја обожаваат иконата на ѕверот. Меѓутоа, да ѝ се поклониш на таа икона, значи, на крајот, да се соочиш со Божјиот гнев!

„Кога ова прашање за Божјиот закон ќе им се изнесе јасно на луѓето, тогаш секој што ќе го гази тој Закон за да ги послуша човечките наредби, ќе го прими жигот на ѕверот. Тој прима знак за верноста кон власта што сака да ја слуша наместо Бога. Небесната опомена гласи: ’Секој што ќе му се поклони на ѕверот и на неговата икона, и прими жиг на своето чело или на својата рака, самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев, што е неразредено во чашата на неговата јарост‘“ (Откровение 14,9-10).[1]

Иако оние кои тежнеат да му бидат верни на Бога ќе се соочат со прогонство, зашто ѕверот ќе направи „да се убијат сите кои нема да се поклонат на иконата на ѕверот“ (Откровение 13,15) – нивното избавување е обезбедено бидејќи, среде тоа прогонство, Исус Христос ќе се врати како херој и победник и ќе ги избави сите оние што му биле верни.

Пред две илјади години, на крстот Бог ја излеал својата љубов на овој свет, нудејќи се себеси како потполна и совршена жртва за сите зла и грешни дела кои секој од нас ги направил. Тој ја платил казната место нас, нудејќи му на секој поединец излез од расипаноста и злото кое го проникнува секој аспект на сегашниот свет, а поради што овој свет ќе биде и заменет со нов: „А Господовиот ден ќе дојде како крадец во ноќта; во тој ден небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа. А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата“ (2. Петрово 3,10.13).

Сепак, најдобро од сè е тоа што Исус на новото Небо и новата Земја подготвил место за секого од нас. Но, секој сам за себе треба да избере дали сака тоа да биде негово или не.

[1]White, Ellen, *The Great Controversy* (Pacific Press Publishing Association; Nampa, Idaho), 1995, стр. 604.





**И самиот наслов на оваа книга е доволен да го плени човека да ја прочита, а нејзиниот привлечен мал формат и ведриот дизајн на корициte ќе ја запечатат Вашата одлука таа да стане дел од Вашата домашна библиотека!**

„Самосовладувањето има мошне значајно место во животот. Тоа е вредност што создава разлика меѓу водачот и оној што ў се препушта на стихијата. Водач е секој човек што може да господари со себеси...“

„Реката на својот пат кон океанот секогаш бира пат на кој наидува на најмалечок отпор... Слично поминуваат сите што се обидуваат да пронајдат најлесен пат низ животните должности, зашто на крај сепак пронаоѓаат подолг и потежок пат...“

„Фактот што во животот сите мораме да се соочуваме со фрустрации ниту одблизу не е толку значаен колку нашиот став кон нив...“

www.znacinavremeto.mk




www.znacinavremeto.mk




# ГОЛЕМАТА БОРБА

Поглед на историјата кој го разоткрива судирот меѓу доброто и злото




*Кога ќе го погледнеме светот денес, ни изгледа како злото да победува. Мнозина поради тоа ја губат надежта и се препуштаат на напливот на злото.*

*Судирот меѓу доброто и злото дошол до својот драматичен врв. Сепак, сè уште можете да ја избереме победничката страна.*

*Книгата* ***Големата борба*** *ни разоткрива една поширока перспектива за настаните во светот, која ни покажува дека и покрај сè Бог „ги држи конците“ и ќе постигне конечна победа над злото.*

*На која страна ќе се најдеш ти?*



© www.bigstockphoto.com/robnroll

Не пропуштајте ја оваа извонредна прилика да добиете примерок од **БЕСПЛАТНОТО** издание на книгата Големата борба. Сè што треба е да ја порачате на еден од телефоните: **071/569 076, 02/20 30 777**
Количините се ограничени!